# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Деветтото продолжение на Сто и седумнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 31 јануари 2006 година

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,02 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа по 117-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Љупчо Мешков, Јани Макрадули, Никола Ќуркчиев, Каролина Ристова, Весна Борозан, Ганка Самоиловска Цветанова, Силвана Бонева, Сашко Кедев, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Иван Стоилковиќ, Али Ахмети, Абудулаќим Адеми, Љубчо Георгиевски, Абдулади Вејсели, Ванчо Стаменков, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точка 19 - Предлог за донесување на закон за изменувањ еи дополнување на Законот за заштита на природата, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и Извештајот на Законодавно-правната комисија, ви се доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот на Собранието треба да му предложам заклучок. Но, бидејќи се потпишани околу 30-тина пратеници, давам пауза до 11,30 часот да се присобереме.

Продолжуваме во 11,30 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 11,31 часот).

Ги молам пратениците да влезат во салата.

За ваша информација, 77 се дојдени и потпишани. Имаме довол за да обезбедиме барем 61.

(Во салата влегуваат пратеници).

Сега се присутни во салата 63 пратеници.

Треба да гласаме по заклучокот кој гласи:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за заштита на природата.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни, 60 гласале, 59 гласале за, нема воздржани, 1 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвокува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 пратеници, 59 гласале, 58 за, нема воздржани, 1 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 1 за менување на воведната реченица на ставот 1 и на ставовите 2 и 3 и на член 3, со кои се согласил претставникот на Владата и сите се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Силвана Бонева и Илија Китановски поднесоа амандмани на член 2 во новиот член 141-а за внесување на нова алинеја пред алинејата 1 и на член 2 во новиот член 141-а за менување на алинеја 4, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 2 во новиот член 141-а за внесување на нова алинеја пред алинејата 1, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот. Повелете господине Матовски.

**Драгољуб Матовски:** Поради галамата во салата не слушнав точно дали се работи за алинеја 1 или алинеја 4.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот се одбива, затоа што се коси со самото донесување на промената на законот, бидејќи истото негово донесување да јавните претпријатија треба да бидат на самофинансирачка основа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не се јавува за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни, 57 гласале, 11 за, 1 воздржан 45 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 во новиот член 141-а за менување на алинеја 4, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китановски.

Господине Матовски, повелете имате збор да се изјасните по овој амандман.

**Драгољуб Матовски:** Бидејќи се работи за подобрување на текстот, амандманот се прифаќа.

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот.

Молам, кој бара збор?

Господине, Мавровски, повелете.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе.

Во интерес на граѓаните на Република Македонија Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на природата всушност носи едно ново решение, со тоа што она што беше организации на здружен труд, Управата на Националниот парк "Галичица", "Маврово" и "Пелистер", со одлука се основа Јавна установа "Национален парк".

Јас би имал по текстот на законот, по однос на членот 2, членот 2 алинеја 4, во интерес на подобрување на текстот на законот и решавање на проблемите што со овој член може да дојдат, јас и во мојот претходен говор во однос на оваа алинеја што се однесува за надомест за отстрел на диви животни, собирање на диви видови растенија и габи и други шумски плодови во национален парк. Мислам дека сето ова ќе мора Министерството за животна средина да го реши на некој начин со подзаконски акти, затоа што сите граѓани се поставуваат во една нерегуларна ситуација.

Собирањето на вакви шумски плодови, посебно на габите, претставува извор на егзистенција на поголем број луѓе. Како тоа ќе го реши Министерството, мислам дека мора да се изнајде начин, затоа што природата ги дала овие богатства, но од друга страна, се случува, како што е сечењето на шумите и овде диви берачи да го прават сето ова на многу нерегуларен начин, затоа препорачувам она што е предвидено во Законот за животна средина како шумарска служба или пазачи, едноставно мојот предлог е тоа да има двостепеност или тростепеност при заштитата. Затоа што очигледно е, она што се фиксира за одредена територија или простор на кој што виреат овие растенија, едноставно не ќе може да се контролира. Контролата е многу слаба.

И во однос на она што значи сега национални паркови, самофинансирање, доколку дел од нив, затоа што сега се веќе јавни установи, дел од нив ќе треба да дефинираат комплетно, при донесувањето на статутот на јавната установа...

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците малку потивко. Повелете.

**Спиро Мавровски:** Би сакал граѓаните да знаат, затоа што јас доаѓам од еден дел каде што имаме национален партк, тоа е Националниот парк "Пелистер" во кој што би требало да се дефинира влез, кои се местата на кои што ќе треба да се доплаќа, паркинг плацевите од кои што јавната установа ќе треба да се одржува и да функционора, затоа што начинот на самофинансирање подразбира средства токму од овој дел.

Мислам дека ова што се случува во моментот при донесувањето на вакви акти, ќе мора многу да се внимава во која ситуација е моментално, што понатаму треба да се развива во јавната установа или евентуално, ако се издава дел од тоа под концесија, што концесионерот треба да задоволи за одреден број на време, со што и граѓаните ќе бидат задоволни. Да не се случи националните паркови, после добивањето на овој нов статут, со статутот што самите ќе го направат, каде што ќе се самофинансираат, едноставно овие национални паркови да станат недостапни за граѓаните на Република Македонија.

Тоа, гледајќи го во многу држави во светот, не знам колку ќе можеме ова да го спроведем, но во сите ситуации останува да имаме задоволување на тоа што е основно, затоа е и прогласувањето на националниот парк, значи одредени природни ресурси треба да останат во првобитната положба, не да биде се во духот на она што значи комерционализација, сечење на шуми, правење одредени експлоатации што се надвор и од законите, надвор и од нормалните начини на експлоатација.

Мислам дека и Министерството, со законот, бидејќи се повикувате во донесување на законот дека овој закон се донесува врз основа на она што значи Закон за животна средина и она што значи Закон за установи, мислам дека токму во овие два закони ќе ги најдете овие подзаконски акти. Би предложил истото да биде на јавна расправа од каде ќе произлезат законските решенија со кои што граѓаните ќе бидат задоволни. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата бидејќи сме точно 60 пратеници.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

(Пратеници влегуваат во салата).

Благодарам.

Сега сме точно 61 пратеник, затоа Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Бидејќи е голема разликата од 55 пратеници, колку што гласале, до 61 пратеник, ги молам службите да го утврдат бројот, а пратениците, евентуално ако е валидно гласањето, ги молам да ги стиснат копчињата.

(Службите го утврдуваат бројот).

Токму 61, како што констатиравме пред гласањето. Тоа значи дека гласањето е валидно.

Според гласањето, 55 пратеници гласале, 54 за, нема воздржан, 1 против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот.

**Минуваме на точка 20 - Предлог за донесување на закон за минерални суровини.**

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Господине Караџоски, барате збор процедурално?

Тогаш, пред да отворам претрес, господинот Караџоски има процедурално.

Повелете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Господине претседателе,

Јас се јавив процедурално, согласно Деловникот, барам поддршка од 10 пратеници точката 25, каде сме предлагачи нашата пратеничка група, да биде поместена како последна точка.

**Љупчо Јордановски:** Има 10 пратеници од сите пратенички групи.

Деловнички е исполнет условот да го ставам на гласање.

Значи, го ставам предлогот на господинот Караџоски да точката 25 - Предлог за донесување на закон за изменување на Кривичниот законик, со Предлог на закон, предложен од група пратеници да биде всушност последна точка 27, односно после 27-мата точка.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни, 56 гласале, 55 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека предлогот на господинот Караџоски е усвоен за редоследот на точкиве.

Новиот дневен ред ќе го добиете во текот на расправата.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Има збор господинот Голомеев, повелете.

**Благој Голомеев:** Почитуван претседателе, почитувани колеги, претставници на Министерството за економија,

Пред нас се наоѓа Предлог за донесување закон за минерални суровини, што е исклучително значаен закон и добро е што оди во две фази. После ова фаза ќе следи јавна расправа, така што овој текст кој може начелно да се оцени како добар материјал, може уште малку да се подобри, да се дотера, да се усвојат одредени мислења посебно од фелата и на тој начин да добиеме навистина едно квалитетно законско решение. Имајќи го предвид значењето на минералните суровини за Република Македонија, јас сум убеден дека покрај земјоделството минералните суровини уште десетици години ќе бидат наша компаративна предност во обидите економски да заздравиме како држава. Од друга страна, минералните суровини како такви се еднаш дадени, не се обновливи, не се регенерираат и тоа не обврзува кон нив да се одвесуваме крајно домаќински, ако не сакаме идните генерации да не осудуваат. Македонија иако е мала, располага со добри резерви на металични, неметалични и енергетски минерални суровини и пак повторувам, тоа е шанса, тие претставуваат навистина компаративна предност за Република Македонија, а и сите овие капацитети што ги имаме моментално кои не се во функција како металичните олово-цинковите рудници итн, кои се инвестиции од стотици милиони евра, кои во блиска иднина тешко дека ќе можеме да си ги дозволиме и такви инвестиции да овозможиме. Мислам дека не треба така лесно да се откажеме од овие капацитети и треба да направиме се истите да ги ставиме во функција на економски развој на Република Македонија.

Имајќи го предвид сето ова, нам ни е потребен закон кој од една страна ќе ги штити интересите на Република Македонија, т.е. на нејзините граѓани при експлоатацијата на ова заедничко добро, а од друга страна ќе овозможи стварно зголемена инвестициона активност, односно ќе овозможи стопанските субјекти и потенцијалните инвеститори да се заинтересираат малку повеќе и да вложат во ова наше национално богатство. Затоа е потребен закон со јасни правила на игра, закон кој ќе овозможи навистина еден значаен инвестиционен циклус во оваа област и ќе спречи било какво робување односно злоупотреба на она што преставува минерално богатство на Република Македонија. Имајќи во предвид дека при експлоатацијата на минералните суровини се прават и најголемите деструкции на животната средина и потоа доведувањето во првобитната состојба на теренот бара значителни износи на средства, што е она што отприлика е ново во ова законско решение кое јас би го потенцирал како такво? Тоа е Нациоалната програма за развој и планирање во областа на минералните суровини. Добро е да имаме Национална програма, со која ќе се дефинираат интересите на Република Македонија. Таа Национална програма што е предвидена се донесува за период од 20 години и со неа фактички ќе се обезбени одржлива експлоатација на нашето минерално богатсво.

Добро е што во членот 26 се оформува геолошки информативен систем и катастар за издадени дозволи за детални геолошки истражувања, што е исклучително значајна работа и ќе овозможи навистина да се има прегледност во однос на тоа со што располата Република Македонија, колкав дел од територијата е истражен, па едноставно врз основа на тоа да се прават одредени стратегии за искористување на тоа минерално богатство.

Исто така, ќе го потенцирам делот кој се занимава со заштитата на животната средина, каде се заоструваат нормите и стандардите при експлоатацијата на минералните суровини, а тоа е делот 11. Како што реков, при експлатацијата се вршат огромни деструкции на површината, така што треба да се води сметка после завршувањето на циклусот на експлоатација, треба да се направат сите напори да се врати теренот во првобитната состојба, да се ревитализира подрачјето, а за тоа се потребни средства. Затоа, исклучително треба да внимаваме при доделувањето на концесиите.

Она што сакам да го потенцирам во однос на законот е следното.

Во членот 6, каде што се зборува за Националната програма за развој и планирање, во точката 1 се вели: "За остварување на целите и насоките за усогласено вршење на основни геолошки истражувања, детални геолошки истражувања на минералните суровини, експлоатација и одржливо искористување на минералните суровини, освен за минералните суровини наведени во член 4 став 1 точка 3 од овој закон". Мене не ми е јасно зошто овие минерални суровини, кварцниот песок, градежно техничкиот камен, градежната, керамичката и огноотпорната глина се изземаат од Националната програма. Имајќи предвид дека тие најмногу се експлоатираат моментално, имајќи предвид дека преку нивната експлоатација се вршат и прават најразлични деструкции, повторувам, на животната средина и на речните текови, и ако ги иземеме од Националната програма дали тоа ќе значи дека секој ќе може да ги експлоатира во секое време без контрола колку се експлоатира, каде се експлоатира итн. Јас сум свесен дека се работи за ефтина минерална суровина, меѓутоа, имајќи го предвид обемот на нејзината експлоатација, мислам дека треба да се најде во Националната програма и дека треба да се води строго сметка каде, кога и колку ќе се овозможи да се експлоатират и од каде да се експлоатира.

Тука треба добро да се размисли дали тоа е добро решение. Во членот 24 се зборува за сопственоста на резултатите од детални геолошки истражувања. Во точката 3 се вели: "Ако во период од 3 години сметано од денот на извршената ревизија на елаборатот не се покрене постапка за добивање на концесија за експлоатација на предметната минерална суровина утврдена со ревидираниот елаборат, ревидираниот елаборат преминува во сопственост на Република Македонија". Значи само 3 години се остава простор на сопственикот на резултатите од детални геолошки истражувања да ги валоризира, односно оние средства кои ги вложил да ги врати, или преку добивање концесија за експлоатација или едноставно преку договрање за отстапување на тие резултати на друг може концесионер. Мислам дека е тоа мал период. Јас сум свесен дека ако не се ограничи временски, тој што ги има резултатите може да воспоставува неможни услови и да не дозволи да се влезе во експлоатација на соодветната минерална суровина, меѓутоа, вака за 3 години се плашам дека интересот за детални геолошки истражувања кои бараат средства од повисок обем ќе опадне и нема да бидат толку актрактивни.

Затоа, треба да се размисли да се направи некоја комбинација или да се пролонгира малку овој период од 3 на 5 години, или да се овозможи решение после преминување на резултатите во сопственост на државата, дел или процент од она што државата ќе го собира преку издавањето на концесија на експлоатацијата на минералните суровини на тој терен, на тој потег, дел од тие средства да ги отстапува на имателот на резултатите, на оној што ги вршел деталните геолошки истражувања, се со цел да се зачува интересот, бидејќи треба да предизвикаме интерес за детални геолошки истражувања и со тоа да се зголемат резервите на минералните суровини, имајќи предвид дека Република Македонија сепак не е ни од далеку до крај истражена, а има индиции дека постојат огромни резерви најразлични минерални суровини и неметалични и метални и енергетски.

Во членот 28, глава 1-Концесија за експлоатација на минералните суровини, во точката 2 се вели: "Право за добивање на концесија има секое правно или физичко лице што поседува финансиска способност за вршење на концесиска дејност и кое е затечено во Трговскиот регистар, вклучувајќи ги и странските правни лица со подружница запишана во Трговскиот регистар во Република Македонија". Се спомнува финансиска способност и тоа треба да се потенцира. Меѓутоа и она што треба да се потенцира е дека во одредени делови или сфери на експлоатација, посебно кога се во прашање металичните минерални суровини, не може да се даваат концесии, па и на фирми кои не се од таа област кои не се занимаваат со тој бизнис. Затоа ни се случува ова што ни се случува со САСА, да го купи поединец кој нема поим од тој бизнис, никогаш не го вршел и се најдовме во ситуација да се пролонгира неговото реактивирање и рестартирање на капацитетот бидејќи едноставно не може некој кој се занимава со сосема друга дејност сега да влезе во експлоатација на минерални суровини каде се бараат огромни финансиски средства, каде се бара и знаење, пазар и др. Значи, можеби не за сите, сигурно не за неметаличните, меѓутоа, добро треба да се разработи кој може да влезе и да експлоатира во Република Македонија. Бонитетот посебно за енергетските и металичните минерални суровини треба да биде и те како значајна категорија, меѓутоа, исто така искуството во областа, во бизнисот, треба да биде и те како значајно, ако сакаме ефикасна валоризација на минералното благо кое го даваме под концесија, а исто така и исполнување на сите обврски кои следат со таа концесија.

Во членот 33 се уредува доделувањето на концесијата, па се вели: "Концесијата за експлоатацијата на минералните суровини може да се додели врз основа на јавен конкурс или по барање на заинтересираните лица кои ги исполнуваат условите од овој и друг закон". Значи имаме или јавен конкурс или непосредно доделување на концесијата. Тука е проблематично дискреционото право. Мислам дека треба да се најде начин она што е навистивна атрактивно и е предмет на регулирање во Националната стратегија задолжително да оди на јавен тендер. Во спортивно можни се најразлични субјективизми, манипулации итн. и мислам дека не е добро за

секоја минерална суровина, ако сакаме за секоја минерална суровина да го избереме најдобриот концесионер, односно оној кој најефикасно ќе ја експлоатира таа минерална суровина и кој најодговорно ќе ги извршува своите обврски кон Република Македонија.

Во членот 37, каде се зборува за одбивање на барањето на концесија за експлоатација, меѓу другото, во точка 1 став 2 се вели: "Јавниот интерес ја исклучува експлоатацијата на концесискиот простор". И тоа е многу субјективен член. Јавниот интерес мислам дека сепак е растеглива категорија, и што занчи јавниот интерес, што се подразбира под јавен интерес во конкретниот случај. Мислам дека треба да биде малку подефиниран, во спротивно секогаш може некој да се повика на тој јавен интерес и да одбие, посебно кога имаме можнст и за непосредно договарање, за што сепак сметам дека треба да се измени во задолжителен јавен оглас.

Во члено 39, каде се зборува за одземање на концесијата од експлоатација, во точката 4 се вели: "Концесијата се одзема и во случај на постоење на фактички околности согласно овој или друг закон кои постоеле и кои морале да доведат до одбивање на барањето за доделување на концесијата за експлоатација", па кога имаме и Национална стратегија, односно програма, кога имаме место кое се грижи и кое ги доделува концесиите, се грижи како се спроведуваат тие концесии итн, мислам дека вакво нешто не треба и не смее да се случи, да не се земат предвид сите елементи и после влегувањето во концесиски простор, после одредено време на експлоатација, на некого да му кажете слушајте, поради ова и ова не смеело да добиеш концесија и таа ти се одзема. Во најмала рака тоа е проблематично и треба добро да се размисли, да се разработи, за да не се најдеме во ситуација субјективно да одлучуваме, односно да не овозможиме простор на преголеми дискрециони права.

Во членот 55 - Рударски проекти, во точката 1 се вели: "Рударски проекти за експлоатација на минералните суровини и изведба на рударски објекти во смисла на овој закон се: главен рударски проект, дополнителен рударски проект, упростен рударски проект и проект за изведување на рударски истражни работи", а сметам дека тука треба да се додаде уште и Студија за оцена на влијанието на објектот врз животната средина. Мислам дека како задолжителни проекти кои треба да се имаат за да се влезе во експлоатација, ако ја потенцираме заштитата на животната средина, тогаш едноставно ваква Студија е неминовна за да се процени и оцени какво влијание ќе има тој објект врз животната средина, какви деструкции ќе предизвика и како и на кој начин ќе може да се санираат тие деструкции и колку тоа ќе чини.

Во член 69 се зборува за " Ревизија на геолошката документација и рударските проекти, па во точката 2 се вели: "Ревизија од став 1 на овој член вршат правни и физички лица кои се запишани во Трговскиот регистар за проектирање, вклучувајќи ги странските правни лица со подружница запишана во Трговксиот регистар во Република Македонија ". Значи се спомнуваат правни и физички лица. Кога зборуваме за ревизијата после проектот, штом се ревидира еден проект ревизијата е таа која е валидна и која ја презема целата одговорност дали тоа е така, дали е реално она што е прикажано во проектот. Мислам дека тука треба да се заострат условите, дека ревидентите треба да имаат одреден бонитет, треба да гарантираат финансиски дека стојат зад тие резултати бидејќи се работи, посебно кај геолошките истражувања, за материја каде што може да настанат одредени отстапувања и каде што треба сигурно да се потенцира одговорноста на ревидентот кога ќе каже дали елаборатот, проектот одговара на стварноста, дали се работи за толку и толку тони минерална суровина итн. Значи не може секој, посебно не физичко лице, да врши ревизии на вакви проекти, елаборати кои се исклучително значајни, бидејќи после ревизијата едноставно проектантот е чист, ревидентот ја презема целата одговорност дали проектот кореспондира со реалноста итн.

Делот 7 зборува за надоместоци за вршење на детални геолошки истражувања и за концесии и експлоатација на минералните суровини. Тоа се членовите 72, 73 и 74.

Во член 72 вели:"имателот на дозволи за одредени стратешки истражувања на минерални суровини е должен да плаќа годишен надоместок врз основа на просторот од определен во дозволата". Е, сега, тие надоместоци тенденција и интенција е да ги определува во член 74 кој вели: "критериумите, висината и начинот на плаќање на надоместокот за концесија од член 72 и 73 на овој закон, на предлог на министерот со одлука ги определува, Владата". Мислам дека кога се зборува за процентот за концесискиот надоместок можеби треба овде во законот да се дефинираат барем границите отплирика од колку, до колку и врз основа на кои елементи сето тоа ќе се прави. Вака произлегува дека за иста минерална суровина може да биде различна висината на концесискиот надоместок, иако и тоа стои. Сигурно дека условите на експлоатација на различни терени се различни, вложувањата кои се потребни се различни и сето тоа треба да се има предвид. Меѓутоа, мислам дека, сепак, во законот треба да се дадат поблиску одредените критериуми врз основа на кои едноставно ќе се определува тој концесиски надоместок.

Многу земји во светот, а јас овде имам некои компаративни показатели, некои се задржуваат кога е во прашање концесиски надоместок на процент од профитот, меѓутоа грото земји земаат одреден процент од она што претставува пазарна цена на производот. Тоа од прилика се движи од 2% до 10%. Бидејќи, профитот е сепак проблематична категорија, посебно за наши услови, на крајот и многу малку фирми го

искажуваат сеуште реално профитот. Од друга страна можните најразлични, би рекол, злоупотреби во таа сфера може, странски инвеститор за производот да го пласира на своја фирма-ќерка во странство по дампинг цена, па потоа ја добива вистинската цена на тој производ и сега ако тоа му влезе во економските пресметки, на крајот профитот излегува дека е исклучително мал. Навистина, се работи за атрактивна минерална суровина, а тоа моментално ни се случува во Република Македонија и за тоа треба да поведеме сметка дека навистина треба реален надоместок да се плаќа при експлоатација на овие минерални суровини. Затоа, велам, најголемиот број на земји, само Канада и тоа некаде различните нејзини конституенти, како што се Квебек, Британска Колумбија, Онтарио, имаат процент од профитот, скоро сите други земји и од Европа и од Африка се задржуваат на она што претставува пазарна цена на производот. Тие проценти, пак велам, се движат некаде од 2 до 10% од она што го добива фирмата при пласманот на тие производи.

Инаку, се сложувам дека средствата од концесијата треба да се делат 50% за Буџетот на Република Македонија и 50% за општините на чија територија се врши концесиската дејност и треба да се најде начин и општините да имаат одредено влијание односно да можат да го следат тоа експлоатирање, на одвивањето на експлоатацијата на нејзина територија, да се врши одреден надзор, се со цел да не дозволиме најразлични манипулации односно да не се дозволи избегнување на обврските и реално и под реални услови да се врши експлоатација на минералните суровини.

Друга варијанта ми се чини дека е 65% со 35%, едната е 60 со 40%, но мислам дека 50% со 50% е најдобрата варијанта, имајќи ги предвид сите овие обврски кои единиците на локалната самоуправа ги презедоа со новиот Закон за локална самоуправа, со децентрализацијата и потребните средства за да можат да одговорат на сите тие обврски.

Во член 77 се говори за стручната подготовка на работниците на соодветните работни места. Мислам дека овој член треба да се доработи, да се допрецизира, бидејќи се работи за дејност која е не само исклучително значајна, туку и едноставно бара и стручност и компетентност, за да не се најдеме во ситуација да имаме хаварии кои можат и тоа како голема деструкција на животната средина, исто така и несреќи на работни места.

Во членот 85 "Контрола на квалитетот на минералните суровини и реагенси", сметам дека треба да се определат референтните лаборатории кој тоа ќе го прави. Инаку, добро е да се контролира сето она што влегува како хемикалија во Република Македонија, дали одговара на квалитетот кој е пропишан, за да не се најдеме во ситуација да бидеме депо на отпад на најразлични хемиски супстанци.

Член 89 или Глава 13 зборува за надзорот, прилично е разработен. Надзорот, како што овде стои, се врши од страна на Државниот инспекторат за техничка инспекција преку Геолошки, Рударски и Електро-енергетски инспектор. Тука е разработено се она што е обврска и што има право секој од овие инспектори и на што треба да се обрне внимание и да води сметка, кои ситуации треба да ги санкционира и т.н. Меѓутоа, ништо нема кој може да ја врши оваа функција, бидејќи е исклучително значајна. Овие инспектори го бранат интересот на граѓаните на Република Македонија со интересот на Република Македонија во оваа сфера. Јас сметам дека тоа треба да биде реизборна функција, континуирано да се дообразува и да се направат механизми за да се избегне препукување односно судир на интереси. Затоа што, сепак, ова се значајни функции кои можат да влијаат во работата на одделните стопански субјекти во оваа област. Мислам дека тука треба добро да се додадат членови во законот кои ова ќе го санкционираат. Не сум припадник на тоа еднаш инспектор - цел живот инспектор, затоа што ја намалува ефикасноста во работењето во најмала мера. Затоа, мислам дека треба да биде на реизбор, треба да се проценува и оценува неговата работа и треба да се направат механизми на двостепеност на можна жалба од страна на оној кој е санкциониран од страна на инспекторот, дали е тоа реално, не е реално, дали се работи за каприц и т.н.

На крајот, околу лиценците, овде е предвидено сигурно да се полага испит за добивање на лиценца за проектант, за изготвувачи на елаборати и т.н. Не знам каква е ситуацијата во другите области, технички дисциплини, меѓутоа дали тоа значи дека на еден универзитетски професор основно доктор на науки ќе му биде потребна лиценца кога работел магистратура, работел докторат и сега треба да полага пред која комисија, кога таа комисија треба да биде составена фактички од таа фела. Тука треба малку да се размисли односно она што ќе влезе во закон да има логика и да има смисла едноставно.

На крајот би рекол дека на крајот од законот треба да се даде преглед на сите оние подзаконски акти кои ќе бидат потребни за да можат ефикасно да почне да се применува овој закон по неговото донесување и времето за кое ќе бидат донесени тие подзаконски акти.

Се на се, мислам дека имаме добар материјал пред себе и дека преку јавната расправа ќе можеме веднаш да добиеме пречистен текст на еден добар закон за минерални суровини, кој уште еднаш и со тоа ќе завршам, е исклучително значаен за Република Македонија.

Либерално-демократската партија во секој случај ќе го поддржи донесувањето на законот за минерални суровини. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Голомеов.

Има збор пратеникот Мавровски Спиро.

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине потпретседателе, почитуван заменик министре, почитувани колеги,

Еве, пред нас имаме еден предлог за донесување на закон за минерални суровини и верувајте ми дека луѓето кои се занимаваат со оваа област со нетрпение го очекуваа и го очекуваат и се надевам дека ова ќе биде еден можеби од првите закони, кој што токму фелата ќе го донесе, се надевам, на една поголема јавна расправа во која што ќе ги вклучиме сите оние субјекти кои што носат во Република Македонија, а тоа се факултетите, институтите и се надевам оние кои директно ја вршат експлоатацијата, истражувањето, рударско-енергетските комбинати во кои имаме многу геолози и рудари и кои сигурно ќе придонесат со своето познавање на оваа материја уште во стартот да добиеме еден закон кој во моментот го гледам како една добра појдовна точка, кој треба да се надгради и со кој ќе треба да добиеме ситуација во која што Република Македонија ќе го добие овој закон. Тој закон, едноставно, ќе служи на интересите на оние кои имаат потреба од него.

Зошто го говорам ова? Јас би почнал од стартот, затоа што самиот закон претендира да добиеме и да изградиме национална стратегија. Националната стратегија и во однос на минералните суровни и во однос на енергетиката и генерално како стратегија , мислам дека треба да ја дефинираме.

Сега, би говорел чисто за минералните суровини. Дефинитвно сметам дека треба да поставиме некои насоки како држава и покрај тоа што според мене можеби тоа време е поминато, но насоките мораме да ги имаме и да кажеме, стратегија на Република Македонија е тоа, да имаме експлоатација на минерални суровини, освен во кои ќе ставиме, ако мислиме да ставиме, јагленот, нафтата кои што едноставно не би биле ни под концесија,туку ситуации во кои што овие минерални суровни би ги ескплоатирала државата, со тоа што во законот кој шт ќе го донесеме за енергетика, да се совпадне таа стратегија со стратегијата на минерални суровни и експлоатацијата на минералните суровни во интерес на она што значи енергетска ситурност и стабилност на Република Македонија. Значи, овие две работи ги гледам поврзани од кој аспект? Од аспект што Република Македонија во овој момент, она што значи енергетска криза ќе треба да ја решава, прво, на сопствен начин и со сопствени извори и средства. Ако е тоа во моментот, сигурно дека е јагленот, но ние веќе во таа национална стратегија имаме еден друг проблем. Доколку и водите ги даваме под концесија, сега не гледам како јагленот или било кој дел ќе го направиме стратешки за развојот на енергетиката и за развојот на експлоатацијата на минералните суровини, кој што ќе биде надвор и за кој што Република Македонија ќе мора да изнајде средства да ги експлоатира. Зошто го говорам ова? Затоа што на овој начин како што се развиваме, ако до тоа не стигнеме, до тие нови рудни наоѓалишта и откривање на истите, не само геолошки истражувања, туку веќе почнување на експлоатација, затоа што времето не гази и секоја национална стратегија и се она што е стратегија од 10 години на полето на енергетиката и на полето што значи експлоатација на минерални суровини, гледајќи го од аспект на оние кои се инволвирани во таа сфера, мислам дека е некаде околу 1 година. Еве, поминаа 4 години и сведоци сме дека освен некои почетоци на донесување на закони, на обиди, нешто да се заврши, некои геолошки истражувања да се завршат, нешто ново не направивме, за жал. Времето не гази, со тоа што проблемот тешко ќе биде решлив, затоа што и техничките можности кои што ги има Република Македонија за увоз на енергија, едноставно се ограничени. Значи, од технички аспект не ќе можеме тоа да го направиме.

Јас со некои од забелешките на мојот почитуван колега Голомеов се сложувам, тоа го разговаравме и на Комисијата. Моите забелешки се, исто така, директни. Мислам дека во самиот закон имам неколку генерални забелешки. Во прв ред во однос на членот 55 каде што се спомнува животната средина, истото тоа и понатаму го имаме во другите членови, членот 83, а мислам дека нашиот развој и перспектива, движејќи се кон Европската унија, неминовно е поврзан токму со законите од животната средина и обезбедување на нормална работа на сите овие, дали се тоа рудници, дали се тоа енергетски објекти кои што ќе мора да ги задоволат сите критериуми и мерила на Европската унија. За жал, тоа кај нашите соседи гледаме дека драстрично се применува уште во старт. Значи, наредната година со влезот на Република Бугарија во Европската унија, поради загадување првиот блок од термоелектранатa во "Вобов Дол" веќе ќе испадне од употреба. Токму поради тоа што нивните филтри не ги задоволуваат страндардите кои што важат во Европската унија. Значи, ние во старт не смееме да донесеме закон во кој што нема да има грижа токму за заштита на животната средина. Апсолутно не е проблем дали стопанственик или газда на објектите ќе биде Република Македонија како Влада или ќе биде некој концесионер или нареден приватник сопственик. Ние законски треба да ги обврземе тие луѓе. После завршувањето во текот на експлоатација, едноставно прво земјиштето да биде доведено во онаа ситуација во која што почнало да се експлоатира, да се отстранат сите оние предуслови кои што можат да значат загрозување на животната средина. Тоа е едно. Второ, во текот на експлоатацијата дали е тоа рудник, затоа што морам да ви кажам се она што значи емисија, мисија на гасови, се она што значи загадување, пепел, честички од прашина, се што

во околината загадува, апсолутно мораме да најдеме начин како сето тоа да го регулираме.

Во овој закон, поврзано со Законот за животна средина, пошто ние тука ќе регулираме токму оние рударски проекти кои што на крајот ќе завршат со експлоатација на рудните богатства, значи отворање на рудници и тука мораме сето тоа да го констатираме и да најдеме што и како понатаму ќе се одвиваат работите.

Добро е тоа што Стопанската комора се вклучува, значи фелата, тука мислам дека поголема функција треба да најде и Рударскиот институт, Геолошкиот институт, луѓе кои имаат искуство во сето ова и можат да придонесат многу за развојот токму на овој закон и како понатаму ќе се одвиваат работите.

Интересна ни беше дискусијата во однос на што значи контрола и надзор. Од моите лични искуства ќе мора да ви кажам да го поддржам господинот Голомеов, затоа што едноставно доаѓаме во ситуација во рудници каде што сериозно е нарушена безбедноста, значи коефициентите на стабилност може да доведат до сериозни хаварии. Господата кои што во тој момент се инспектори, едноставно, не знам колку се обучени и колку можат тоа да го пратат сето, но знам многу од нив, при првото доаѓање едноставно што се проверува тоа се дали имате добри врски, дали се осигурачите крпени или не се крпени, дали некоја врата се затвора или не и ако ги видите белешките со години наназад се се сведува на тоа.

Значи, интенцијата, оној што е инспектор едноставно мора да се надградува, затоа што и оние што беа градежни машини, оние што се рударски машини не се истите што беа пред 15 до 20 години. Тука вие треба да проверите дали има стабилност на системот, дали едноставно нештата функционираат, што е загрозено, која е безбедноста од електронички-информатички аспект морате да ги познавате работите, за да ја извршите основната задача, за која што го вршите надзорот.

Во еден дел тука стои дека Комисијата не може да има човек кој што работел на овие рударски проекти и кој што ги поминал тие фази. Јас мислам дека тука бидејќи се работи за стручност апсолутно не е проблем тој човек да биде дел јод таа трichлена, или пет члена Комисија и истиот може многу да помогне во тоа што при формирањето, при гледањето и при изработувањата на проектите и почнувањето со работа на тие наоѓалишта бил директно вклучен. Значи, тука неговата способност би била искористена.

Генерална забелешка, во членот 19, 23, 54 и 59 каде што имате жалби до второстепена комисија, мислам дека мора да стои уште едно судско решение, значи судска постапка второстепена, бидејќи се работи за ситуации во кои што, еве да даде господ поголеми инвестиции да имаме во Република Македонија и пронаоѓање на работи кои што можеби се уште не ги познаваме, можеби ќе дојдат големи средства за кои што второстепената комисија на Владата нема да биде доволно. Значи, треба да постои предуслов за судска постапка и завршување на овие работи. Мислам дека генералните забелешки, или поединечните забелешки да кажам по однос на текстот на законот. Би ги почнал со членот 16 од Законот во кој што имаме приоритетно право при доделување на дозвола за истражување. Мислам дека на овој начин како што е дефинирано во законот можат да се јават проблеми и тоа се дефинира уште во неколку члена. Мислам дека мораме да изнајдеме нешто кое што во старт ќе елиминира субјективности. Кога со барање на дозвола за истражен простор се јавуваат повеќе баратели предност има барателот кој е сопственик на земјиштето, потоа вршителот на детални геолошки истражувања на простор кој се граничи со бараниот простор. Тоа е ставот 1. И, ставот 2, приоритетно право за добивање дозвола за иста минерална суровина и на ист простор за истражување при исти услови наведени во став 1 на овој член има барателот кој прв поднел барарање. Понатаму, исто третирате некаде право на сопственост, на сопственик на земјиште, да добива приоритет при експлоатација. За мене тоа е во ред. Доколку тој што е сопственик го прави истото. Доколку доаѓаме во ситуации како што имаме можност отстапување на концесија, предавање на правото за употреба на други, тогаш можеме да постигнеме само цена на имателот на земјиштето. Значи, цената би се подигнала десетоструко за нешто што сопственикот апсолутно би добил само тој и во таа ситуација ако е така предвидено, тогаш Владата на Република Македонија би требало да ги штити тогаш сите сопственици и треба да го исклучиме правото каде што вие си земате дека определена површина ќе може да се искористи врз основа на законот за експропријација. Значи, имаме ситуација од една страна ова земјиште да добие десетострука вредност, од друга страна да го примените законот за експропријација каде што ќе ја намалите десетоструко вредноста на земјиштето. Јас го гледам сето тоа така, замениче министре, ќе ви кажам зошто. Значи, тука постои субјективитет. Ако имаме закон, тогаш, законот ќе важи за сите. Ако можете кон мене да направите закон за експропријација во истиот овој закон, а од друга страна за мојот комшија да важи другиот закон во кој што тој ќе го продаде земјиштето десетоструко за поголема вредност, мислам дека не е во ред. Дали е концесијата, јас се сложувам за тој што е сопственик на земјиштето тој и да го експлоатира земјиштето. Но, доколку ја пренесува концецијата, тука веќе државата треба да интервенира, со тоа што треба да му се исплати земјиштето по таа цена што е, а после тоа на тендер било кој и колку може да се подигне цената до сто пати на тоа земјиште, но во старт да бидат сите рамноправни. Мислам тоа е моја интенција и вреди да се размисли околу тоа, ако ништо друго. Значи членот 19 тука зборува за

судската постапка, значи второстепеност на судското решение. Понатаму, членот 21 став 4, ова што го говорев досега мислам дека тука уште повеќе е елаборирано: доколку за просторот за кој се бара дозвола за вршење на детални геолошки истражувања има повеќе барања на друг вид на минерални суровини, предност ќе има имателот на дозволата за вршење на детални геолошки истражувања, односно концесионерот кој врши експлоатација на минерални суровини на тој простор, а потоа, предност ќе има барателот кој граничи со просторот за кој се бара дозволата. Доколку на просторот за кој се бара дозвола за вршење на детални, како барател на дозвола за вршење се јави сопственикот на земјиште при исти услови, тој има предност пред останатите подносители на барање. Мислам дека ова треба да го дефинираме. Значи, го има во неколку члена и затоа го одделив од сето ова. И тука треба да се најде решение.

Во членот 22 став 2 алинеја 5 имателот на дозвола е должен на просторот за вршење на детални геолошки истражувања да има, во алинеја 5 стои: решение за поставување одговорни лица за раководење со работите. Јас мислам дека при доделување на концесија одговорно лице е оној што ја добива концесијата. Едноставно тој што ја дава концесијата сите обврски ги префрла на концесионерот и пред Владата концесионерот е тој што одговара. Одговорно лице можете да поставите, бидејќи се работи за приватни лица, било кого и апсолутно тоа одговорно лице, незнам освен пред концесионерот пред кого друг може да одговара. Мислам, пред никого.

Понатаму, во членот 24 став 3, мислам дека последниот дел од овој став, значи ако во период од три години сметано од денот на извршената ревизија на елаборатот не се покрене постапка за добивање концесија за експлоатација на предметната минерална суровина утврдена со ревидираниот елаборат, ревидираниот елаборат преминува во сопственост на Република Македонија. И тука има точка и завршува. Дали за тоа Република Македонија ќе плати, затоа што елаборатот можеби не се покрена постапка за добивање на концесија, но елаборатот е завршен и има некоја вредност. Дали воопшто е предвидено нешто да се плати, или тоа преминува бесплатно во сопственост на Република Македонија. Тоа ми е прашањето и размислувањето дали може, или не, на тој начин.

Во член 33, начини за доделување на концесија, мислам дека концесија за експлоатација на минерални суровини може да се додели врз основа на јавен конкурс, или по барање на заинтересирани лица кои ги исполнуваат условите од овој, или друг закон. Мислам врз основа на јавен конкурс, или нема. И завршена работа. И се што е во интерес на Република Македонија Владата на Република Македонија во секој момент може да го објави тој јавен конкурс за било каде и за било која минерална суровина. Мислам дека тоа треба да биде активно и тука на тој начин би се добило чиста ситуација во која што нема кој друг да одлучува во однос на она што е.

Во членот 42, мислам дека на овој начин како што е вака презентирано во овој член, можеме да дојдеме во ситуација за некоректност во смисла да имаме и судир на интереси и едноставно начинот на кој што би се доделила концесијата за експлоатација на минерални суровини на ист простор да доведат и до конфликтна ситуација меѓу оние што ќе ја вршат концесијата и експлоатацијата и од друга страна мислам дека и оној што ја дава концесијата може да има проблем. За што се работи? Концесија за експлоатација на минерална суровина може да се додели и за простор, за кој веќе е доделена концесија за експлоатација кога експлоатацијата се однесува на друга минерална суровина која постоечкиот концесионер не ја експлоатира под услов со експлоатацијата на другата минерална суровина нема да се попречува нормалната експлоатација на минерални суровини на претходната доделена концесија за експлоатација. Познавајќи што и како се работи, како на терен можат да бидат поделени овие минерални суровини, значи може да се случи на ист простор во исто време ако вие добиете концесија за гранит, или за експлоатација на мермер, можеби во истиот тој простор да има друг дел кој што едноставно не сакате да го експлоатирате и во моментот треба да го експлоатира некој друг. Едноставно ќе направиме конфузија и на тој начин не добиваме ништо. Значи или имаме ситуација делбен биланс, или делбен простор на она што е веќе дадено, или да се каже дека тој дел го експлоатираат другите со друга минерална суровина и тука приказната завршува. За ист простсор во исто време, верувајте ми дека вака како што го читав законот секој ќе гледа да експлоатира што повеќе и што повеќе може да земе од онаа површина што другиот веќе ја експлоатира. Затоа што делењето на минералните суровини, незнам кој е проблемот, истиот концесионер сигурно би се сложил да ги ескплоатира и другите минерални суровини. Тука, не би имало проблем, познавајќи како одат работите. Понатаму, имаме член 57 став 2, начин на изведување на рударските работи. Во членот 57 став 2, при изведување на работите од став 1 на овој член концесионерот мора да ги почитува пропишаните технички нормативи и мерките за заштита при работа и заштита на животната средина, доколку со овој закон не е поинаку утврдено. Овој дел после запирката, запирката станува точка и тука е точка. Завршена приказна, затоа што пред малку говоревме, заштита на животна средина, имаме заштита при работа што е цел дел, е едно цело поглавје што се однесува на заштита на работната средина и заштита на работниците во работната средина и заштитата на животната средина. Значи, не постои освен почитување на

пропишаните технички нормативи да има нешто друго во самиот закон. Значи овој дел мислам дека тука е точка, доколку со овој закон не е поинаку утврдено, апсолутно мора да отпадне.

Во членот 62 став 2 алинеја 5, уверенија за стручна способност на вработените за извршување на работите и за здравстена состојба на работниците. Во однос на овој став моето размислување, гледајќи генерално можеби Република Македонија, или Владата на Република Македонија многу тешко ќе признае некои делови кои што значат професионални заболувања на вработените. Значи, имам уште во старт еден предлог да направиме нешто што ќе биде од функција за вработените во оваа област, а тоа се специфични и лекарски прегледи кои што треба да ги имаат вработените уште во старт, значи дали некој ќе работи на висина, дали ќе работи во руднички јами или не знам каде, тие специфични лекарски прегледи мора да го дозволат сето тоа и тоа да функционира. Тоа е првото. Второ, она што значи годишни, или месечни, или полугодишни лекарски прегледи на вработените мораат да бидат изведени од најстручни установи, затоа што верувајте ми од оној што значи психолошки момент кај вработените, бидејќи се работи за сменски вработени, значи во три смени, 24 часовно работно време во никакви услови, во ситуација некои да бидат и радиоактивно озрачени, тоа е од петелот, од она што значи јаловина, имаме ситуација во која што сите заедно мораме да направиме многу напори оваа заштита при работа апсолутно да биде коректна, затоа што гледаме како функционира Европска унија. Едноставно после самиот влез во било кој таков објект завршува приказната на она што значи слободно движење, на она што значи движење без заштитна опрема и тука апсолутно овие критериуми и мерки мора да бидат многу строги и сите да се придржуваат. Значи, само санкциите против ова можат да обезбедат заштита и можат да обезбедат работниците да се чувствуваат безбедно на своите работни места. Специфичните лекарски прегледи посебно се однесуваат и за вработените од женски пол кои што треба да ги имаат тие прегледи можеби и на три, или на 6 месеци. Значи, тука апсолутно треба максимално да се вложи, дали тоа ќе биде концесионер, дали ќе биде Јавно претпријатие, апсолутно тука мораме да обрнеме внимание и грижа за вработените.

Во однос на членот 68, лиценцата, мислам дека каде што имаме членови на Комисијата, ставот 4 од ова, лиценцата, дека мора да имаме вклучено и луѓе од Рударски, Геолошки факултет и институти. Значи, покрај луѓето од Стопанската комора, мораме да имаме луѓе кои што ги разбираат сите овие проблеми и се директно инволвирани во ова што значи работење.

Во однос на членот 74, за мене е прифатливо она што значи прв начин, а тоа е за ставот 2 каде што има утврдување на висината и начинот на плаќање на надоместоците. Значи, концесиите би биле 50% во Буџетот, 50% во буџетот на општината и може да се случи и делот кој што преовладува за локалната самоуправа да биде поголем. Таква варијанта немате предвидено, другите две се помалку за локалната самоуправа, повеќе за Буџетот. Јас ако имаше варијанта, или би ја предложил варијантата поголем дел од ова да останува во општините каде што се прават овие работи, или пак дел од она што значи оштетување на населението, каде што понатаму имаме за заштита на просторот тие средства да се одделуваат за местата на кои што се експлоатира, да се доведат сите објекти во првобитна положба. Значи, не се дозволува понатаму загадување. Тие средства би морало да ги најде оној кој што врши експлоатација, тоа е прво, или пак со тие средства едноставно да се делува во инфраструктурата во локалната самоуправа и на тој начин дел од тие средства да бидат пренаменети и да бидат во функција на граѓаните кои што ги трпат овие влијанија. Мислам дека тоа е подоброто решение. Но, тоа мора со закон да се реши, затоа што, ако сакаме вака како што сега волонтерски се обидуваме нешто да направиме, мислам дека нема да направиме ништо.

Во членот 76, имаме јавен интерес. Постоењето на јавен интерес од став 1 на овој член го определува Владата. Јас мислам дека тука јавниот интерес ќе мора да го определи Парламентот, значи, на предлог од Владата можеби, но, Парламентот да го каже конечниот збор во однос на јавниот интерес затоа што има и во други членови каде што се променуваат овие ситуации и јавниот интерес би можел да биде во ситуација неприменлив.

Членот 77, став 1, алинеја 1, раководител на рудник, јамски или површински коп, рударски факултет насока, експлоатација на минерални суровини, или општа насока со најмалку две години работно искуство во струката. Јас мислам дека овие две години се не минимален рок, туку невозможен рок за било кој да ја совлада оваа материја. Мојот предлог е пет години. Се работи и за доста важни објекти и ги немаме многу во Република Македонија. Но, верувајте ми дека многу е важно од раководителот на рудникот, како рудникот ќе се отвора, како понатаму ќе се развива и што на крајот ќе остане од него. Тоа е многу важен момент. Значи, тие луѓе мора да бидат оспособени и во текот на експлоатацијата едноставно да не го доведат рудникот и животните на луѓето кои што работат во него во опасност. Значи, овде предлагам најмалку пет години работно искуство.

За членот 79, заштита на работа, тоа што го говорев пред малку каде имаме, она што функционира во Европската унија, треба и ние да се придржуваме до истото, со тоа што комплетната опрема и она што значи заштита на вработените, мора да функционира, со тоа што контролата и надзорот треба да биде таква каде што безпрекорно ќе се одвиваат овие работи.

Тука нема ниту нешто повеќе, ниту нешто помалку.

Во однос на членот 83, санација на околината и отстранување на последиците. Мислам дека тоа треба да биде обврзувачко, значи тоа е ставот 2 кој вели - на подрачето каде последиците не можат во целост да се санираат односно отстранат, изведувачот е должен да спроведе мерки за заштита за да се исклучи опасноста по здравјето или животите на луѓето и животните и можните причинители за загадување на животната средина односно предвидливите штети на објектите и околината. На овој начин како што велите е должен да спроведе мерки. Овие мерки мора да бидат дефинирани, што всушност мора да направи оној кој го експлоатира рудникот, уште во старт и од тоа не треба да се отстапи ни една децимала, затоа што се што е оставено, се што е ископано, се што е дупка тоа зрачи и тоа е опасност и по околината и по граѓаните и уште повеќе по животните.

Останува уште една моја забелешка на членот 85 каде се вели - правни и физички лица кои увезуваат и користат минерални суровини и градежни материјали од минерално потекло, како и реагенси и други репроматеријали што се употребуваат во процесите на минералната технологија, должни се да поседуваат сертификат за квалитетот на истите. Тука тоа мора да биде ригорозно во однос на се она што се увезува во Република Македонија затоа што најголемите проблеми се јавуваат токму тука. Мислам дека се она што се увезува од Европската унија без сертификат не е ни можно да дојде во Република Македонија, но за оние другите реагенси што се увезуваат, дали е тоа Блискиот или Далечниот исток, или не знам кои држави кои можеме да ги внесеме, мислам туак мора да постои апсолутно побарување на сертификат и царинската контрола да биде немолосрдна кон се што може да значи загадување на живвоната средина и на оние вработени кои се занимаваат со овие суровини.

Значи мојот предлог останува, еве предлог до заменикот министер и до Владата, една од овие јавни трибини да се одржат во Битола, со вработените од РЕК Битола, мислам дека ќе имате голема корист и вие и граѓаните при донесувањето на овој закон затоа што многу вакви забелешки може да влезат во оввој закон и законот да биде издржлив за сите.

Благодарам. Во првата фаза, она што значи намера на Владата ние апсолутно ќе гласаме за.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Љубисав Иванов-Ѕинго.

**Љубисав Иванов - Ѕинго:** Благодарам почитуван потпретседателе, другарки и другари,

За овие 15 години, навистина, имаме еден од најзначајните закони за Република Македонија. Повеќе пати имаше настојувања да донесеме еден квалитетен со разни промени. Меѓутоа, до сега во тој поглед не успеавме. И сега со вака предложениот закон, исто така сме на пат да предложиме и да донесиме еден закон кој ќе нема своја функционална примена, конфузен, недоречен, нестимулативен, неквалитетен.

Колку е значаен еден ваков закон зборува тоа што тој во Македонија, практично често употребуваниот збор компаративни вредности, баш во оваа област се нуди и постои и може да биде сигурен извор за нашиот понатамошен економски развој, или поправо да кажам, за излезот на Македонија од тешките економски состојби во кои се наоѓа. Тој не нуди брзи решенија затоа што истражувањето е долг процес, бара многу пари, многу време и никогаш на крај не сте сигурни дали ќе најдете некоја минерална суровина која во тој момент ви обезбедува рентабилна експлоатација или практично ќе ги фрлите парите во нешто непознасто.

Историјата зборува дека огромен број земји во светот својот од на развојот го започнале со минерални суровини. Една Шведска, една од најразвиените земји во светот, својот развој го започна со огромното богатство на железна руда, на магнетитот, каде разви огромна црна металугрија, а од неа финални производи, високо квалитетни и познати во светот. Тоа пак овозможи подоцна да се развијат ред други индустрии и други гранки. Примерите во светот се многу. Само ќе посочам дека и Европа, посебно Германија и Франција, големиот свој од на развојот го доживеаја низ високо квалитетниот јаглен. Јужна Африка, исто така на метални, неметални и ретки суровини кои постојат во светот, па и дијамантот, златото, среброто и тн. Да не зборувам за Русија, да не зборувам за Канада која најголемиот свој развој го доживеа низ никелот. Па која друга земја уште сакате да се спомне, а посебно пак енергетските суровини, нафтата на база на која се разви страшна петрохемија и ред производи кои произлегуваат од неа. Според тоа, ако така голем број земји во светот го направија својот развој на основа на националното богатство кое не е секаде присутно. Има земји во кои нема минерални суровини, како што случајот со Швајцарија. Во таа земја на првиот час кога децата ќе пожнат во школо учителите им зборуваат дека Швајцарија е сиромашна земја, нема нафта, нема јаглен, нема метали, неметели и тн. и дека тие треба многу да учат, дека треба да се подготвуваат во животот за многу работа, дека им е потребно многу знаење и интелегенција. Така тие деца и тие луѓе, швајцарци, создале една од најбогатите земји во светот. Меѓутоа, кај нас кога почнувавме да учиме школо, нашите учители ни зборуваа дека ние сме богата држава, дека имаме многу минерални суровини, дека имаме олово, цинк, злато, сребро, бакар, јаглен, нуклеарни суровини, неметални суровини и така натаму, но не ни зборуваа дека треба многу да работиме, многу знаење да стекнеме, да бидеме умни и интелегентни, сето тоа богатство да го искористиме.

До деведесеттите години во Македонија се вложија огромни средства во истражување на минерални суровини. Како резултат на тоа ние во Македонија откривме големи лежишта на олово и цинк од каде произлегоа рудниците Тораница, Саса, пред тоа Злетово, од каде произлезе рудникот за никел во Кавадарци, рудникот за бакар Бучим, од каде произлегоа огромен број на рудници за неметали и преработка на истите, една голема индустрија од суровините, од неметалите, при што се добиваа финални произвови. За жал, за овие 15 години ниту нимаше политичка волја, ниту пак ние како Парламент, а и владите, не предложивме начини и форми на истражување, а потоа и експлоатација на таквите минерални суровини. Обратано, тоа што го отворивме како експлоатациони објекти, практични ги затворивме и рудниците за метали, како што е Тораница, Саса, Злетово, па го доведовме и Бучим во исклучително тешка состојба, исто беше и со ФЕНИ и тн. Според тоа, ако ние навистина мислиме оваа земја да стане земја на граѓани кои ќе живеат пристојно, ние мораме да сватиме дека и за сегашните генерации, а посебно за идните генерации кои доаѓаат, да обезбедиме стабилни извори на развој. Тешко е ние денес да ги достигнеме високо развиените земји во информатичката технологија во телекомуникациите, во производите кои ги формираат тие технологии, но затоа лесно е благодарејќи на тоа што имаме природни национални богатства, тие богатства да ги искористиме и да ги ставиме во производна фуникција и од нив да почнеме да создаваме високи профити со кои профити ќе можеме да ги развиваме останатите гранки на идустријата, па еден ден да влеземе и во повисоките и посовремените светски технологии. Затоа, овој закон мора да го овозможи тоа. Меѓутоа, така како е предложен, тоа не го прави.

Ајде да почнеме уште од фазата на истражувањето. Ние така го дефинираме законот, заправо го дефинираат тие кои го предложија овој закон, каде практично фелата не е консултирана, не се вклучени здруженијата на геолозите, рудари, металурзи, Рударскиот факултет, институтите кои какви такви ги имаме, посебно вклучувањето на познати наши стручњаци од областа на геологијата, рударството и тн., ние носиме еден закон кој не го стимулира истражувањето. Како што реков, во истражувањето ќе потрошите пари, а не знаете дали утре ќе најдете резерви, како по содржина така и по количини, кои ќе ви овозможат да вложите средства, да отворите рудник и да почнете експлоатација на едно лежиште, било метално или неметално. Законодавецот предвидел и во фазата на истражување, тој што ќе истражува и троши сопствени пари во нешто непознато, да плаќа концесии. Ве молам, ако ние сакаме да привлечеме стран капитал, до сега во тој поглед немаме ама барем никаков успех, ние прво мораме да направиме многу погодности во фазата на истражувањето, а тоа значи да ги олесниме и да го привлечеме тој што сака да истражува, со тие поволности, какви дури ги нема во една Америка, во една Германија, во една Англија, Франција и тн, затоа што тие имаат и сопствен капитал. Тие поволности се:

Прво во тоа што во фазата на истражувањето законот треба да биде многу еластичен, многу брзо да се издаваат дозволи, многу ослободувања од оптеретување, од решавање на имотните односи, од воведувањето на тој што истражува, во процесот на истражувањето, со претходни истражувања кои секоја држава ги прави, за што треба да постои фонд за истражување, да се создадат почетни резултати кои ќе го заинтересираат тој што истражува дека навистина на тој простор може да се развие едно подолгорочно истражување.

Второ, во истражувањето не може тоа да се ограничува на временски период, затоа што, поготово кај металите, кај ретките метали, злато, сребро, и тн., бараат многу фази на истражување, десетина, петнаесет фази.

Трето, и секоја фаза бара многу време и од секоја фаза зависат понатамошните истражувања, дали од една фаза ќе се помине во друга фаза. Според тоа, тој процес трае долго и тој процес не треба да се сузбива.

Четврто, ако некој веќе добил право на истражување, благодетите од истражувањата тој мора да ги добие и да ги користи. Не можете вие некого да натерате да потроши 100 милиони долари, да истражува едно лежиште на бакар или олово, цинк, или било кое друго лежиште на злато, на сребро и тн., а потоа да му кажете ова земјиште е сопственост да кажеме на Трајко Петров и тој има предност. Тоа се нон сенс работи. Не може никој да има предност пред овој што истражувал. Дури ако веќе дојде во фаза да се поминува во процес на експлоатација и во процес на определување на експлоатациони поле и ако субјектот кој истражувал не го добие експлоатационото поле, тој што го добил мора да ги надокнади средствата на оној што ги вложил во претходните фази на истражувањата. Тоа ќе овозможи секој да биде заинтересиран да истражува, да вложува пари, ако биде свесен дека тие средства на некој начин, еден ден ќе му се повратат, освен ако тој се откаже.

Според тоа вториот дел што значи експлоатација, експлоатационо поле, концесионер, плаќање на концесија, ние немаме утврдено како ќе се плаќа концесијата. Сега вие добивате концесија за експлоатација на пример на доломит или на некој градежен материјал, речиси со иста концесија како да сте добиле концесија за експлоатација на едно лежиште на злато. Не мислам на сиромашно лежште, мислам на пристојно лежиште кое остварува профит. Тука мора да се разработи таа методологија од кога ќе почне да ја плаќа концесијата. Концесијата треба да ја плаќа не одкако го добил концесионото право, туку од кога почнал со

експлоатација на тоа рудно лежиште, на таа минерална суровина . Постои еден вакум период кога треба да се извадат проекти, дозволи, кога и државата со својата спорост тој процес го усложува и одолговлекува.

Јас 40 години работам во оваа област, покрај другото. Треба во едно експлоататорско поле се воведат повеќе експлоататори, повеќе концесионери, тоа е технички тешко изводливо. Таквиот заговор може да создаде големи проблеми и по безбедност и по системот на експлоатација и по техничко-технолошките процеси. Тоа прашање мора стручно и детално да се обработи. Не можете некои суровини да преценувате, а некои потценувате. Зборуваа претходни дискутанти за тоа. На пример имате случај законодавецот да предвиди суровина, а да ја експлоатира некој сопственик на нива, без дозвола. Тоа значи да не плаќа концесија, да не плаќа ДДВ, да не плаќа даноци, да се отвори поле за корупција. Законодавецот самиот на себе си влегува во уста да се посомневаме дека самиот за себе прави погодности. Тоа не може, тоа го нема никаде во светот, го нема ни во еден закон. Рудното богатство е национално богатство, како што е водата, воздухот, шумите, никој нема сопственост на тоа и не може да има. Уставот не дозволува некој да има сопственост над рудното богатство. Тој е сопственик на земјиштето. Затоа законодавецот треба како што е решено во светот на правилна надокнада на земјиштето или штетата која ќе настапи на земјиштето.

Такви работи во законот не треба да постојат. Тоа не води кон една политика на привитивизам, кон една политика која не вовлекува во процеси кои до сега на нашето општество нанесоа огромни штети. Тоа значи отворање на процес на корупција на криминал, на недозволени работи. Ние мора да имаме чисти закони, јасни и прецизни кои ќе нудат решенија од кои нема да произлегуваат судири, расправии, судски процеси .

Понатаму, самите мерки кои се пропишуваат во законот особено во фаза на експлоатација на едно лежиште да ммо же да се одземе од законодавецот концесијата за експлоатација, тоа е страшна работа. Некој вложил 200.000.000 евра, отворил огромно лежиште, изградил преработувачки капацитети само за тоа што не се придржувал на одредени мерки, вие му одземате концесија. Кој ќе ги надокнади тие пари? Каде е таа логика? Уште му одземате право да води судски спор. Никој нема во Македонија, па ни Македонец да инвестира, а камо ли странец. Има и други мерки кои се пропишуваат, парични казни, други мерки кои го спречуваат тој концесионер да не го спроведува законот. Треба сите тие мерки да се применуваат иако тој, и покрај таквите мерки нанесува огромни национални штети, една од таквите штети може да биде неправилната експлоатација на лежиштето, експлоатирање само на најбогатите делови, тогаш можат да уследат посериозни мерки со издавање на наредба за престанок на одреден период на експлоатација.

Сега нема да навлегувам во сите овие членови, многу зборував на Комисијата за економија, но бев малку скратен, но доставив доста забелешки во писмена форма, но ќе им препорачам на другарите од Министерството за економија добро е што овој закон се носи во две фази. Пред да се предложи во втората фаза да се направи прво еден закон кој ќе произлезе од големите расправии, мислам на стручни пред се на Рударскиот факултет, Рударскиот институт, Здружението на геолозите, во големите рударски компании кои сеуште некаде живеат да се направат детални расправи во Комората , да се вклучат високо стручни геолози, рудари, металурзи за доработка на овој закон, да се направи квалитетен и практично применлив во нашата држава. Благодарам.

(Во 13,19 часот со седницата продолжи да раководи Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија )

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Иванов.

Повелете госпоѓо Лепиткова, имате збор.

**Соња Лепиткова:** Благодарам претседателе, почитувани колеги пратеници,претставници од Владата ,

Предлогот за донесување на закон за минерални суровини се одлага подолго време, од објективни причини, меѓутоа, денеска конечно на седница на Собранието го имаме ваквиот Предлог за донесување на закон. Добро е што овој закон како таков ќе оди во две фази.

Внимателно ги слушав дискусиите на претходните колеги пратеници и со голем дел од нивните забелешки кои, по мене, се суштински имаат суштински карактер, но би сакала да изнесам некои свои мислења околу Предлогот за донесување закон за минерални суровини.

Природните ресурси, а во склопот на нив и минералните ресурси како добра од општ интерес секако заслужуваат посебна грижа и однос на државата кон нив. Од тој аспект и Предлогот за донесување на закон за минерални суровини треба и мора да се сфати како тежнение на државата односно на Министерството за економија да ја регулира оваа материја на начин кој во себе ќе ги вклучи основните начела на кои почива оваа материја, а тоа се, пред се, по мене, две клучни начела, а тоа е дека имаме исцрпливост во времето и големо влијание врз елементите на одрживиот развој. Колку и да сакаме да зборуваме дека ние максимално треба да се заложиме за развој на оваа област мора да бидеме свесни, а тоа да го сватат и граѓаните односно оние кои се директно инволиврани, ко животно се заинтересирани за развој на оваа област затоа што нивните работни места за висат од тоа , а транзиционите времиња најмногу се одразија на оваа сфера е тоа дека овие материи се исцрпливи како такви и ќе дојде

ден кога едноставно така мора да се постапи и реагира.

Ако предлагачиите на законот пред себе ги имаат овие елементи и при изготвување на Предлогот на законот, тогаш е сигурно дека решенијата кои би требало да бидат понудени во доволна мера треба да ги артикулираат интересите на заинтересираните корисници на оваа материја, а од друга страна во доволна мера да го заштитат општиот интерес кој постои во оваа сфера.

Токму во овој баланс на потребите на граѓаните и заштита на општиот интерес треба да се вреднува и цени колку е добар некој предлог на закон кој има за цел да ја регулира материјата на минералните ресурски.

Ако сакаме да помогнеме при донесување на овој Предлог на закон, а јас верувам дека тоа е цел на сите, тогаш треба да поставиме, а во исто време и да одговориме на едно прашање, а прашањето е зошто е потребен овој Предлог на закон и дали досегашниот закон не ја регулираше оваа материја?

По мене овој закон се донесува од потребата да се забрза економскиот развој на државата преку користење на минералните суровини како катализатор на тој развој. Морам да спомнам дека во економскиот развој на државата оваа област имаше, има и ќе има и те како големо значење затоа што голем дел од девизните резерви на државата се створа и ќе се створа со развој на оваа материја. Државата пројавуваше, а и треба да пројавува особен интерес за развој на оваа материја. Од тоа се поставува прашањето зарм до сега не се користеа овие ресурси во насока на зголемениот економски развој. По мене одговорот на ова прашање е сигурно позитивен, се користеа и тоа во огромна мера и благодарејќи на нив одделни региони во Република Македонија го постигнаа тој развој во одреден период кој како таков и денеска сме сведоци дека претставува гаснување на одредени објекти за нас пречка во нивниот развој и едноставно снаоѓање во времето каде и како да се движи понатаму.

Сега, што е толку важно да веруваме дека донесување на закон за минерални суровини ќе ја димензионира оваа област и ќе придонесе да дојде до забрзан економски развој, а да се има во предвид и фактот дека станува збор за временски исцрпливи категории.

Ако сето ова се има во предви, тогаш мора да се констатира дека задачата на изготвувачите на Предлогот на законот не е така едноставна ниту лесна ако сакаат да предложат законски проект кој во доволна мера ќе ги убеди пратениците да мислат дека со овој закон се обезбедуваат елементи на забрзан стопански развој во сферата на минерални суровини.

Веднаш треба да биде јасно, а тоа на некој начин го потенцираа моите колеги пратеници дека нашето задоволство, на оние кои на некој начин сме вклучени директно или индиректно во развојот на областа која ги засега експлоатацијата и истражувањата на минералните ресурси е тоа што законот се носи во две фази и меѓу првата и втората фаза треба да постои широка јавна расправа, да се вклучат експерти од таа област, но и луѓе кои директно се засегнати и кои ги чувствуваат последиците и придобивките од добро или лошо избалансиран закон.

Затоа јас како предлог ќе го изнесам тој елемент во доволна мера да се консултираат еснафските здруженија од областа на геологијата и рударството и помеѓу двете читања на овој Предлог на закон овие потенцијали максимално да се искористат и нивните сугестии да станат составен дел на законот.

Сега би сакала да се вратам малку на прашањето дали досегашниот закон во доволна мерад не ја регулираше оваа материја. Одговорот е дека ја регулираше но секогаш постои подобар предлог и само во таа насока треба да ги сфатиме напорите за донесување на овој Предлог на закон, а тоа е подобар закон.

Што би значело? Тоа би значело повеќе работни места во областите кои ги регулира законот, повеќе придонеси во буџетот на државата по основ на експлоатирани минерални суровини, повеќе придонеси во буџетите на единиците на локалната самоуправа.

Зошто го зборувам ова? Уште на самиот почеток на Собранието на седницата на пратенички прашања се постави прашањето колку државата ефектуира со експлоатацијата на минералните суровини односно со концесиите кои ги издава колку од нив се ефективни како такви и колку средства влегуваат во буџетот имајќи во предвид кое е значењето на оваа област. Добивме некои податоци кои за нас како такви беа поразителни, особено од аспект на тоа која е улогата, влијанието и бенефитот на локалната заедница.

ЛДП кога се донесуваше Законот за децентрализација односно за финансирање на единиците на локалните самоуправи излезе со став дека дел од концесиите односно од средствата кои се собираат за концесии, треба да одат во локалната самоуправа. Овде во Предлогот на законот такви предлози се внесени и за мене претставува задоволство затоа што по одредени минерални суровини локалната власт и те како може да биде квалитетен чинител да влијае на издавање на концесиите, да се помести тој дел надолу во органите на управата со тоа што дел од средствата ќе бидат преостапени на локалната заедница која ќе може многу подобро да се грижи околу самата инфра структура која е подложна на пропаѓање земајќи во предвид за какви типови на активности станува збор.

Ова може да се направи ако треба од стариот Закон да се исфрлат оние решенија кои во основа не ги димензионираат развојот, туку ја стимулираат администрацијата односно го корумпираат државниот административен апарат.

Овде морам и како пратеник да го истакнам своето незадоволство во тој поглед за времето кога Секторот за геологија и рударство ќе издаде одобрение односно ќе го подготви стручниот дел од елаборатот и кога во повисоките инстанци одредени дозволи ќе се чекаат повеќе месеци можеби и година време без образложение зошто е така, а тоа секако буди сомнеж дека станува збор за коруптивност во административниот апарат и дека на тој проблем треба да се поработи и во самиоте одредби од законот и овој Предлог на закон тоа нешто го нуди ако без образложение странката која е заинтересирана да добие концесија дали за истражување или за експлоатација не добие образложение дека фалат одредени работи кои треба да бидат дополнети од стручен аспект, тогаш во рок од 60 дена, можеби се малку, ќе видиме во втората фаза што ќе покаже јавната расправа, меѓутоа останува самиот документ како валиден и странката го добива правото за експлоатација или концесија за истражување што е исклучителна придобивка во овој Предлог на закон затоа што со тоа уште еднаш ќе потенцирам се трга сомнежот од коруптивност на администрацијата.

За оваа цел мора да се предвидат такви механизми во законот кои ќе ги спречат сите елементи на возможна корупција и ќе ги забрзаат постапките и како што реков тоа ќе се направи во овој документациски дел.

За таа цел треба да се размисли. Идејата за одделни постапки кои во досегашниот закон имаат 3 степени на одлучување да имаат двостепено одлучување или во некои случаи едностепено одлучување. Нормално како либерал-демократ се залагам за тоа право дека концесиите за експлоатација на минералните суровини би било добро кога би се одлучувале во ресорното министерство, ако не станува збор за нешто од национален интерес, а јас зборувам дека е национален интерес ако тоа нешто не го даваме под концесии. Ако сите минерални суровини ги даваме под концесии и се трудиме државата во нив да нема влијание, улогата на државата е да биде контролор на тие механизми, тогаш јас не гледам причина да се прави голема постапка кај толку долг временски период, а од друга страна зборуваме дека ова е област и ова е материја која гарантира економски развој, нуди скапи инвестиции, тоа е навистина така и ако е така треба да поработиме во тој правец и во втората фаза на законот да се заложиме за такви правила кои во другите земји како такви и во искуствата што ги има во Министерството за економија, а при изработка на законот, посебно во европлските држави како правила се установени и се реализираат.

Во оваа насока би сакала само да ја истакнам идеата за формирање, од особена важност, на сектор за минерални суровни во рамките на Министерството за економија. Сведоци сме дека таму, со одредени рационализации, постојат сектори за енеергетика што повторно на некој начин се врзани со основниот Закон за минерални суровини. И водите и јагленот сематерии што се уредуваат со оваа сфера. Меѓутоа,немаме сектор за минерални суровини, за геологија и рударство. Немаме сектор од аспект и на екипираност, меѓутоа и како сектор кој, како таков, ќе има такви шанси да се доекипира и квалитетно да одговори на предизвиците што не очекуваат, еве и со донесувањето на новиот закон.

Од тој аспект, навистина сметам дека со новата реорганизација во Министерството, делот за рударство и геологија ќе го добијат ваквото секторско уредување и ќе зајакнат капацитетите во рамките на самото Министерство што ќе придонесе самите дозволи и концесии што ќе се издаваат и за истражување и за експлоатација, од стручен аспект бидат подобро поткрепени, направени и со тоа да се смали самиот временски период или, на некој начин обжалување или негирање на она што како документ е издадено.

Не сакам да се повторувам со сето она што беше искажано од моите колеги во сферата на екологијата, само кратко ќе потенцирам дека апсолутно се согласувам со нив, дека е ова исклучително деструктивна област во сферата на екологијата и мора максимално да се работи, заедно со Министерството за животна средина, како и во останатите европски земји, да тие кои претставуваат најголеми уништувачи на животната средина, во исто време, после одреден период стануваат и нивни најголеми заштитници. Со тоа што оние депонии што постоеа во Република Македонија, предизвикани од рударските работи, се напуштија, еве како една моја идеа, да се размислува во насока да тие станат регионални депонии за складирање на одреден отпад, затоа што и веќе псотојат како една инфраструктура. Со тоа ќе може да се намалат и самите инвестиции што во таа мерка се големи и во сферата на екологијата за формирање на вакви депонии, штокако пример сега ги чувствуваме.

Имам поголем дел на технички и концепциски забелешки по одредени членови на законот. Ако сега почнам да ги читам посебно член по член, сигурно и два часа нема да бидат доволни. Бидејки ова е прва фаза, Предлог за донесување на закон, само сакам да ја искажам подршката на она што го кажа господинот Љубисав Иванов Ѕинго во смисла на тоа Министерството да размисли од аспект на тоа ако некој добие концесија за истрага на одреден простор, треба навистина да се работи во насока да не, после одредено време, кога ќе се вложат толку многу средства и ќе се тргне во експолатација на одредена минерална суровина, еве нека станува збор и за гас и за вода, луѓето се соочуваат со навистина невидени пробелми од имотно-правните односи, со јавување на одредени сопственици и т.н., кои не се способни да ја експлоатираат таа суровина, меѓутоа со години се прават пречки, се сопираат инвестиции, а тоа

значи намалување на работни места и и нвестирање во таа област. Со втората фаза од Предлогот на законот, овбаа материја како таква подецидно се регулира, се со цел за да можеме, како што реков тоа што е цел на законот, да овозможиме поголем економски развој, а со тоа и поголем број на работни места.

Од тие причини, сите мои забелешки се потрудив детално да ги прегледам и во писмена форма да ги подготвам, ќе ги доставам до претставниците на Министерството за економија и секако ќе ја чекам и јавната расправа и втората фаза од донесувањето на законот. Сето она, каде што се надевам дека во поголем дел ќе биде внесено, но оние кои нема да бидат внесени ќе се потрудам амандмански да ги исправам. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Вие можете тоа да го приложите како дел од вашата дискусија, да биде отпечатено како стенограм, бидејќи до Министерството сакате да го испратите, а во заклучоците се вели дека стенограмите и тоа што е дискутирано овде ќе бидат испратени до Владата. Така што приложете го вториот дел од вашата дискусија, како прилог на вашата дискусија.

**(Пратеникот Соња Лепиткова ја приложува дискусијата)**

**СОДРЖИНА НА ЗАКОНОТ**
**ЗА МИНЕРАЛНИТЕ СУРОВИНИ**
**ДЕЛ I**
**ОПШТИ ОДРЕДБИ**

Член 1

**Предмет на законот**

Со овој закон се уредуваат:

1.условите и начинот на изведувањето на геолошките истражувања, истражувањата на минералните суровини, условите и начинот на експлоатацијата на минералните суровини кои се во надлежност на државата како добра од општ интерес, се уредуваат правилата за вршење на надзор врз геолошките истражување и експлоатацијата на минералните суровини со цел да се обезбеди нивно оптимално искористување во согласност со начелата на исцрпливост, заштита на животната средина и одржливиот развој.

2.начинот на доделувањето на концесиските права за експлоатација на минералните суровини, надлежностите и начинот на издавањето на одделни дозволи за геолошки истражувања на минерални суровини, за експлоатација на минерални суровини и за изведба, користење и одржување на рударските објекти.

Член 2

**Цел на законот**

Целта на овој закон е:

1.усогласување на законската регулатива во областите на геолошките истражувања, истражувањата на минералните суровини, експлоатацијата на минералните суровини со директивите на европската унија кои се однесуваат на искористувањето на природните ресурси во услови на спроведување на начелата на одржливиот развој.

2.обезбедување на безбедноста при изведувањето на геолошките истражувања, истражувањата на минералните суровини и експлоатацијата на минералните суровини а преку зајакнувањето на превентивата против опасностите од рударската дејност врз животот и здравјето на луѓето и деградирењето на квалитетот на животната средина и создадените вредности.

Член 2а

Законот за минерални суровини се состои од четири дела и тоа:

1. Дел I - Општи одредби.
1. Дел II - геолошки истражувања
2. Дел III- истражувања на минералните суровини
3. Дел IV - експлоатација на минералните суровини.

Член 3

**Дефиниции**

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следното значение:

**1.Минерални суровини,** спрема овој Закон, се сите органски и неоргански минерални материи кои се наоѓаат во цврста, течна или гасовита состојба во примарните наоѓалишта, во секундаррните наоѓалишта (наноси), јаловишта, топилнички троски или природни растопи.

**2.Рудни резерви** се утврдени количини на одделна минерална супстанца од наоѓалиштето на база на елаборатот за извршени детални геолошки истражувања.

**3.Геолошки истражувања** се методолошки осмислен, концептуално поставен систем на методи и техники на геолошката наука и пракса а со цел добивање на информации на база на кои се дефинира геолошката еволуција на одреден простор.

**4. Истражувањата на минералните суровини** претставуваат збир од комплексни геолошки и геолошко-рударски истражувања спроведени на ниво на руден реон, рудно поле, рудно наоѓалиште и рудно тело а со цел утврдување на одредени количини на рудни резерви.

**5. Детални геолошки истражувања** се истражувања со кои се добиваат информации на база на кои се изработуваат тематските геолошки карти на Република Македонија како и истражувањата на минералните суровини.

**6. Експлоатација на минералните суровини,** спрема овој Закон, е активност за добивање на минералната материја од наоѓалиштето и облагородување на минералната суровина

**7. Експлоатација на нафта и природен гас,** спрема овој Закон, се смета и транспортот на нафта и гас а кои се во технолошка врска со одобрените експлаотациски полиња, како и складирањето на јаглеводородите во геолошките структури.

**8. Облагородување на минералната суровина,** спрема овој Закон, се смета одбирање, сортирање, дробење, мелење и сушење на минералната материја, одвојување на корисните минерали од пратечката јаловина како и

одвојувањето на одделните минерални компоненти.

**9. Рекултивирање** е процес на повторно враќање на земјиштето во корисна состојба, деградирано со геолошките истражувања или со експлоатацијата на минерални суровини.

**10. Постројка** е збир на направи или инсталации поврзани во функционална целина, која служи за иста техничка цел.

**11. Рудник** претставува ограничено подрачје на земјиште, на површина или под неа, каде што се истражува или експлоатира минерална суровина, со употреба на машини, опрема, изградба на депонии (места за одлагање на руднички отпад) и рудничка инфраструктура потребна за изведување на рударските работи.

**12. Рударски објекти** спрема овој Закон, се сметаат објектите и построенијата кои се директно поврзани со работите на истражувањето и експлотацијата на минералните суровини, вклучувајќи ги и извозните построенија од јамата како и построенијата за истражување и експлоатација на нафта и гас.

**2. Рудничка инфраструктура** се руднички објекти кои се потребни за почеток на истражувачките и експлоатациските работи при експлоатација на минерални суровини (пристапни патишта, електро направи и објекти, згради за луѓе и опрема, итн.).

**3. Одлагалиште** е определено место каде се транспортира и депонира рудничка раскривка.

**4. Хидројаловиште** или флотациско јаловиште претставува рударски објект за акумулирање на суспензија од ситени честички на јаловина и технолошки отпадниа вода во строго определени и контролирани услови.

**5. Подземни води** се водите коишто се наоѓаат под површината на земјата во зоната на сатурација и се во директен контакт со површината или со потслоевите.

**6. Издан** е геолошка средина потполно или делумно заситена со слободна подземна вода способна да акумулира и оддава подземни води.

**7. Извор** е природно истекување на подземна вода (обична или минерална) на површината на земјата.

**8. Режим на подземни води** претставува процес на измена на квалитетот и квантитетот на подземните води( проток, ниво на подземните води, брзина, температура, вискозитет, хемиски, радиолошки, микробиолошки и гасен состав) под дејство на природните и антропогените фактори по време и простор.

**9. Минерални води** се подземни води кои по својата минерализација, хемиски и гасен состав, содржината на специфични компоненти, радиоактивни елементи или зголемената температура се разликуваат од останатите подземни води.

**10. Термални води** се минерални води кои се одликуваат со зголемена температура која е поголема од средногодишната температура во дадено место.

**11. Простор за истражување** е дел од просторот на земјата одобрен за геолошки истражувања, дефиниран со координати по површината, со неограничено простирање во длабина, ограничен со природни или вештачки линии и неограничен во длабина.

**12. Експлоатационо поле** е дел од просторот на кој е утврдено наоѓалиштето на минерални суровини, просторот неопходен за организација на рударските работи и изградба на рударски објекти кои на површината на земјата се ограничени со координатни точки, меѓусебно поврзани со прави линии, со неограничено простирање во длабина.

**13. Загадување на животната средина** е емисија предизвиката од антропогени дејствија, која е штетна за човековото здравје, квалитетот на животната средина, имотот и биолошката и пределската разновидност.

**14. Оценување на влијанието врз животната средина** е проценка на можните влијанија на одредени проекти и планирани геолошки и рударски активности врз животната средина во подрачјето на експлоатацијата на минералните суровини.

Член 4

Минералните суровини како добро од општ интерес во сопственост на Република Македонија, во смисла на овој закон се:

1. енергетски минерални суровини: сите врсти на фосилни јаглени, јаглеводороди во цврста, течна и гасовита состојба. Сите врсти на битуминозни и мастни карпи, останати гасови кои се наоѓаат во земјата

2. метални минерални суровини, односно суровини од кои можат да се произведуваат метали или нивни соединенија;

3. неметални минерални суровини; графит, сулфур, магнезит, флуорит, барит, азбест, лискуни, фосфати, гипс, калцит, креда, бентонитска глина, кварц, кварцен песок, каолин, керамичка и огнеотпорна глина, фелдспат, талк, туф, суровини за производство на цемент и вар, карбонатни и силикатни суровини за индустриска преработка.

4. архитектонско-градежен камен,

5. Минерални и геотермални води од кои можат да се добиваат минерални суровини или да се искористува акумулираната топлина во енергетски потреби, освен минералните и термалните води кои се користат во лековити, балнеолошки или рекреативни цели.

6. градежно-технички камен, градежен песок и чакал, цигларска глина

7. Подземни води за пиење (изворски води, врела и издански води).

Член 5

Геолошко рударски работи во смисла на овој закон се работи кои се изведуваат со цел вршење на истражување и експлоатација на минерални суровини.

Сето друго објаснување може да биде составен дел на правилник

Делот II НАЦИ0НАЛНА ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ И .. .. ... не е потребен и тој треба да се изостави, тој не е во корелација со концептот на законот со кој истражувањата и експлотацијата на

минералните суровини се прашања кои се решаваат со концесиски односи.

## ДЕЛ II
## ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА

Член 6

**Геолошки истражувања** во смисла на овој закон се истражувања и испитувања кои се вршат на Земјината кора или нејзините подлабоки
- Основна тектонска карта
- Основна сеизмотектонска карта

Член 8

**Детални геолошки истражувања** се истражувања со кои се добиваат информации на база на кои се изработуваат тематските геолошки карти на Република Македонија.

Член 9

Геолошките истражувања се дејност од јавен интерес.

Член 10

За реализација на геолошките истражувања се изготвува годишна програма.

Член 11

**Програма за реализација на геолошките истражувања**

(1) Годишната програма за реализација на геолошките истражувања ја донесува Владата на предлог на министерот на органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.

(2) Средствата за финансирање на програмата од став 1 на овој член се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

(3) Реализацијата на програмата од став 1 на овој член ја спроведува Секторот за минерални суровини при Министерството за економија.

Член 12

**Геолошка документација за вршење на основни геолошки истражувања**

(1) Геолошка документација за реализација на геолошките истражувања во смисла на овој закон е:

1. Годишна програма за геолошки истражувања;
2. Проект за геолошки истражувања;
3. Извештај за извршените и реализираните геолошки истражувања;
4. Елаборат за геолошките истражувања;
5. Геолошки карти заедно со толкувачи на истите;

(2) Документација од точките 2,4 и 5 од став 1 на овој член подлжи на стручна оцена (ревизија);

Делови со цел да се добијат информации кои се однесуваат на нејзината геолошка градба, нејзината геолошка еволуција, нејзиниот состав како и да се одредат деловите на Земјината кора кои можат да представуваат потенцијални простори за постоење на корисни минерални суровини. Исто така во смисла на овој член како геолошки истражувања се сметат и истражувањата со кои се одредуваат деловите на Земјината кора кои можат да бидат потенцијални природни загадувачи на животната средина.

Како геолошки истражувања во осмисла на овој Закон не се сметаат активностите кои служат исклучиво за целите за настава, обука и научно-истражувачка работа, како и гемолошките активности.

Геолошките истражувања во смисла на овој член ги опфаќаат: регионално геолошките, палеонтолошките, стратиграфските, седиментолошките, минералошките, петролошките, геофизичките, геохемиските, металогенетските, инженерско геолошките, хидрогеолошките, геоморфолошките,геодинамичките,структуролошките,геотектонските,геоеколошките,геостатистичките, вулканолошките, фотогеолошките, геомеханичките,геотехничките,хемискотехнолошките и истражувањата на минералните суровини.

Геолошките истражувања можат да бидат: основни, детални и геолошки истражувања на минерални суровини.

Член 7

**Основните геолошки истражувања** се истражувања кои се спроведуваат со цел да се добијат основните параметри кои се неопходни за изработка на основните геолошки карти на подрачјето на Република Македонија, како основни елементи за просторното планирање и развојот. Овие истражувања во основа ги обфаќаат сите истражувања кои се споменати во член 6 овој Закон како и истражувањата на минералните суровини на ниво на металогенетската единица. На база на основните геолошки истражувања се изработуваат следните основни геолошки карти:
- основна геолошко-литолошко-структурна карта
- основна металогенетска карта
- основна карта на минерални суровини
- основна инжинерско-геолошка карта
-основна хидрогеолошка карта
- основна геогениска карта
- основна геомагнетска карта
- основна гравиметриска карта

(3) Содржината на геолошката документација од точка 2, 3, 4 и 5 став 1 од овој член ги пропишува министерот на органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.

## ДЕЛ III
## ИСТРАЖУВАЊЕ НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

Член 13

Истражување на минерални суровини во смисла на овој закон претставуваат збир од комплексни геолошки истражувања спроведени на ниво на руден реон, рудно поле, рудно наоѓаллиште и рудно тело. При овие истражувања се добиваат информации кои се однесуваат на положбата, големината и генезата на рудните неоѓалишта на минералните суровини, резервите на минералнните суровини и можноста за нивно искористување, детални карактеристики на средината во која се наоѓа орудњувањето како и сите потребни елементи кои се неопходни за изработка на рударските проекти.

Член 14

**Дозвола за истражување на минерални суровини**

(1) Право за истражување на минерални суровини се стекнува со добивање дозвола за истражување на минерални суровини.
(2) Дозволата за истражување на минерални суровини ја издава, односно доделува, на основа на барање, а спрема одредбите на овој Закон, Секторот за минерални суровини при Министерството за економија, односно органот на државната управа во единицата на локалната самоуправа кој е надлежен за работите од областа на минералните суровини за минералните суровини наведени во точка 4 од Член 4 на овој Закон.
(3) Врз основа на спогодба за пренесување, правото за истражување на минерални суровини може да се пренесува целосно или делумно во согласност со секторот за минерални суровини при Министерството за економија или органот на државната управа во единицата на локалната самоуправа кој е надлежен за работите од областа на минералните суровини, под истите услови под кои е издадена дозволата за истражување на минерални суровини.

Член 15

**Барање за доделување дозвола за истражување на минерални суровини**

(1) Право за истражување на минерални суровини можат да имаат сите правни физички домашни и странски лица кои се стекнале со дозвола за истражувања на минерални суровини.
(2) Барањето за доделување дозвола за истражување на минерални суровини се поднесува до Секторот за минералнни суровини при Министерството за економија, односно до органот на државната управа во единицата на локалната самоуправа кој е надлежен за работите од областа на минералните суровини.
(3) Во барањето на дозвола се наведува видот на минералната суровина, локалитетот за кој се однесува барањето, координати на бараниот простор и основни податоци за барателот на дозвола.
(4) Кон барањето за добивање на дозвола за истражување на минерални суровини се приложува:
1. програма за геолошки истражувања на минерални суровини.
2. топографска карта во мерка 1:25.000 или 1:50.000 со координати на граничните точки на локацијата и со вцртани граници на просторот на кој ќе се врши истражувањето на минералните суровини;
3. рударски проект за изведување на рударски истражни работи (поткопи, окна и сл.) заради земање на проби за испитување, доколку се предвидени со програмата за истражување;
4.доказ за фактичката состојба дека барателот има позитивен бонитет;

Член 16

(1) Содржината на Програмата за геолошки истражувања на минерални суровини ја пропишува Министерот за економија.

Член 17

**Постапка за доделување на дозвола**

(1) Секторот за минерални суровини при Министерството за економија, односно органот на државната управа во единицата на локалната самоуправа кој е надлежен за работите од областа на минералните суровини, по приемот на барањето за добивање дозвола врши увид на просторот кој се бара за истражување на минерални суровини.
(2) По спроведување на постапката од став (1) на овој член, Секторот за минерални суровини при Министерството за економија, односно органот на државната управа во единицата на локалната самоуправа надлежен за работите од областа на минералните суровини по службена должност бара мислење од органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, како и мислења од други органи на државната управа.
(3) Доколку Министерството за економија, односно органот на државната управа во единицата на локалната самоуправа кој е надлежен за работите од областа на минералние суровини во рок од 6 месеци не се произнесе по барањето од став 1 на овој член ќе се смета дека постапката за доделување на дозвола за истражување на минерални суровини е позитивно решена.

Член 18

**Приоритетно право при доделување на дозвола за истражување на минерални суровини**

(1) Кога со барање на дозвола за истражен простор се јавуваат повеќе баратели, предност има барателот кој е сопственик на земјиштето, потоа имателот на дозвола за истражување на минерални суровини на простор кој се граничи со бараниот простор.
(2) Приоритетно право за добивање дозвола за иста минерална суровина и на ист простор за истражување при исти услови наведени во став (1) на овој член има барателот кој прв поднел барање.

Член 19

**Простор за истражување на минерални суровини**

(1) Дозволата за истажување на минерални суровини се дава на точно определен простор.
(2) Просторот за истражување на минерални суровини во зависност од видот на минералните суровини може да изнесува најмногу до:
-30 км$^2$ за енергетски суровини;
-30 км$^2$ за метални минерални суровини;
- 5 км$^2$ за неметални минерални суровини;
- 2 км$^2$ за архитектонско-украсен камен;
- 5 км$^2$ за подземни води и подземни гасови;
- 5 км$^2$ за градежно-технички камен и цигларска глина.

Член 20

**Период на важност на дозволата за истражување на минерални суровини**

Дозволата за истражување на минерални суровини се доделува за период, и тоа:
- до 5 години за минерални суровини од член 4 точка 1,2,3,5,7 од овој закон.

- до 2 години за минерални суровини од член 4 точка 4 од овој закон.

Член 21

**Одбивање на барањето на дозвола истражување на минерални суровини**

(1) Секторот за минерални суровини при Министерството за економија, односно органот на локалната самоуправа надлежен за работите од областа на минералните суровини со решение ќе го одбие барањето за доделување дозвола за истражување на минерални суровини само:

1.ако барателот не ја приложил документацијата од член 15 став 3 на овој закон;

2.ако при истажувањата се загрозуваат природни ресурси, животната средина, културно наследство или други добра чија заштита е од јавен интерес врз основа на претходно мислење од надлежниот орган на државната управа надлежен за управување со работите од соодветната област врз основа на закон;

(2) Против решението од став (1) на овој член, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението може да се изјави жалба до Комисијата за решавање во управна постапка во втор степен од областа на економијата и финансиите на Владата.

Член 22

**Содржина на дозвола за истражување ан минерални суровини**

(1) Дозволата за истражување на минерални суровинисодржи податоци за:

1. правното или физичкото лице на кого се издава дозволата;

2. минерални суровини што се предмет на истражување;

3. цели и начин на истражувањето на минерални суровини;

4. вид и обем на истражни работи што треба да се извршат;

5.просторот за истражување на минералните суровини со одредени координати;

6. период за кој е доделена дозволата;

7. рок за отпочнување на истражните работи;

8. најголема количина на минерална суровина која може да се изведи при истражувањето, а која е потребна за соодветни испитувања согласно програмата за геолошки истражувања на минерални суровини;

9. рок за поднесување на извештај за извршените геолошки истражувања на минералните суровини до органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини;

10. надоместок за истражување на минерални суровини со доделената дозвола;

11. обврска и начин за уредување на просторот за истражување за време и по завршување на истражувањето на минерални суровини;

12. услови за продолжување и престанување на дозволата; и

13. други обврски кои произлегуваат од овој или друг закон.

(2) Доколку со програмата за геолошки истражувања на минерални суровини се предвидени геолошки истражувања со рударски работи (откопи, подземни простории), барателот на дозволата е должен да има финансиски средства со кој ќе може да се изврши рекултивцивација на деградираниот простор.

Член 23

**Услови за проширување на дозволата за истражување на минерални суровини**

(1) Ако имателот на дозвола за истражување на минерални суровини за време на истражувањето открие друг вид на минерални суровини, тој може да побара проширување на дозволата и за тие минерални суровини на просторот за истражување за кој има добиено дозвола за истражување на минерални суровини.

(2) Кон барањето за проширување, имателот на дозволата за истражување на минерални суровини од став 1 од овој член поднесува извештај со докази за постоење на други минерални суровини.

(3) Секторот за минерални суровини при Министерството за економија врз основа на барањето од став 1 на овој член ја спроведува постапката за проширување на дозволата за истражување на новооткриените минерални суровини.

(4) Доколку за просторот за кој се бара проширување на дозволата за истражување на минерални суровини има повеќе барања на друг вид на минерални суровини, предност ќе има имателот на дозволата за истражување на минерални суровини, односно концесионерот кој врши експлоатација на минерални суровини на тој простор, а потоа предност ќе има барателот кој граничи со просторот за која се бара дозвола за истражување на минерални суровини.

(5) Доколку на просторот за кој се бара дозвола за истражување на минерални суровини, како барател на дозвола за истражување на минерални суровини се јави сопственикот на земјиштето, при исти услови тој има предност пред останатите подносители на барања.

Член 24

**Обврски на имателот на дозвола за истражување на минерални суровини**

(1) Имателот на дозвола за истражување на минерални суровини при изведувањето на геолошките истражувања на минералните суровини е должен:

1.да обезбеди согласност од сопственикот на земјиштето во делот каде ќе ги врши геолошките истражувања на минералните суровини пред да започне со изведување на истите;

2.работите да ги изведува согласно со програмата за геолошки истражувања на минерални суровини, стандардите и техничките нормативи со кои е регулирано изведувањето на такви работи;

3. да ги спроведува мерките за заштита при работа;

4. навремено да превзема мерки за безбедност на граѓаните, нивниот имот, сообраќајот и соседните објекти;

5. на свој товар да спроведува мерки за заштита на животната средина и за рекултивација на земјиштето;

6. да не депонира штетни, радиоактивни и други опасни и отпадни материи во напуштените рударски објекти во кои се изведувале геолошко-рударски истражувања и на просторот определен со дозволата за истражување на минерални суровини;

7. до Секторот за минерални суровини и до органот на државната управа во локалната самоуправа надлежен за работите од областа на минералните суровини најмалку еднаш годишно, во рок определен во дозволата да доставува извештај за извршените геолошки истражувања на минералните суровини согласно динамиката утврдена во дозволата за истражување;

8. во рок од една година по завршУвање на геолошки истражувања на минералните суровини до Секторот за минерални суровини при Министерството за економија да достави ревидиран елаборат од извршените геолшки истражувања со пресметка на резервите на минерални суровини на просторот за истражување, или извештај доколку резултатите од геолошки истражувања на минералните суровини се негативни.

(2) Имателот на дозвола е должен на просторот за геолошки истражувања на минерални суровини да има:

1. дозвола за истражување на минерални суровини;

2. техничка документација која опфаќа програма за геолошки истражувања на минерални суровини и рударски проект за геолошко-рударски истражувања доколку со програмата за геолошки истражувања на минерални суровини се предвидени рударски истражни работи;

3. договор за извршување на работите со друго правно или физичко лице, доколку имателот на дозвола сам не ги изведува тие работи;

4. книга во која се водат извршените истражни работи;

5. решение за поставување одговорни лица за раководење со работите;

6. упатство со мерки за заштита при работа при истражувањето, согласно овој закон или друг закон;

7. доказ за стручна оспособеност на ракувачите за самостојно и безбедно вршење на работите;

8. лекарско уверение за работна способност на вршителите на работите;

9. геодетска карта на состојбата на изведените истражни работи.

(3) Формата, содржината и начинот на водењето на книгата од став (2) точка 4 од овој член ја пропишува министерот на органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.

Член 25

**Одземање на дозвола за вршење на детални геолошки истражувања**

(1) Секторот за минерални суровини при Министерството за економија, односно органот на државната управа во локалната самоуправа надлежен за работите од областа на минералните суровни со решение ќе ја одземе дозволата за истражување на минерални суровини ако:

1. имателот на дозволата не се придржува на одредбите од член 24 став (1) точка 1,2,3,4,5,6 и 7;

2.имателот на дозволата не започне со изведувањето на геолошки истражувања на минералните суровини во рок од една година, сметано од денот на приемот на дозволата;

3. изведувањето на геолошки истражувања на минералните суровини биде прекинато подолго од една година;

4. имателот на дозволата не постапува по решение на државниот инспектор за техничка инспекција;

5. доколку истражните работи се користат за експлоатација на минерални суровини;

(2) Против решението од став (1) на овој член во рок од 15 дена од денот на приемот на решението може да се изјави жалба до Комисијата за решавање во управна постапка во втор степен од областа на економијата и финансиите на Владата.

Член 26

**Сопственост на резултати од геолошките истражувања на минералните суровини**

(1) Резултатите добиени со изведувањето на геолошките истражувања на минералните суровини потврдени со ревидираниот елаборат, се сопственост на имателот на дозвола за истражување на минерални суровини.

(2) Имателот на дозволата од став (1) на овој член ревидираниот елаборат за извршените геолошки истражувања на минералните суровини може да го пренесе во сопственост на друго лице.

(3) Ако во период од три години сметано од денот на извршената ревизија на елаборатот не се покрене постапка за добивање концесија за експлоатација на предметната минерална суровина утврдена со ревидираниот елаборат, ревидираниот елаборат преминува во сопственост на Република Македонија.

Член 27

**Геолошка документација за геолошки истражувања на минерални суровини**

(1) Геолошка документација за истражување на минерални суровини во смисла на овој закон е:

1.Програма за геолошки истражувања на минерални суровини;

2.Извештај за извршените геолошки истражувања на минерални суровини.

3.Елаборат за извршените геолошки истражувања на минерални суровини.

(2) Елаборатот за извршените геолошки истражувања на минерални суровини, од точка 3 од став (1) на овој член подлежи на стручна оцена (ревизија).

(3) Содржината на елаборатот за извршените геолошки истражувања на минерални суровини ја пропишува министерот на органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.

(4) Примерот од елаборатот за извршените геолошки истражувања на минерални суровини заедно со извештајот за извршената ревизија и ревидентската клаузула се доставува Секторот за минерални суровини при Министерството за економија на трајно чување најдоцна 90 дена сметано од денот на завршување на истражувањата.

Член 28

**Геолошки информативен систем**

(1) За собирање, обработка и евидентирање на податоци добиени од геолошките истражувања и истражувањата на минералните суровини, во Секторот за минерални суровини при Министерството за економија се формира геолошкиот информативен систем на Република Македонија.

(2) Во рамките на геолошкиот информативен систем од став (1) на овој !член се формира дигитална база на податоци за резултати и од сите поранешни геолошки истражувања вршени на територијата на Република Македонија.

Член 29

**Катастар на простор за истражување на минерални суровини**

(1) Сектор за минерални суровини при Министерството за економија води катастар на одобрени простори за истражување на минерални суровини.

(2) Во катастарот се внесуваат податоци за носителите на доделените дозволи за истражување на минерални суровини, просторите за истражување, границите на истражните простори, предметот на истражувања, како и резултатите од истражувања на соодветни минералните суровини.

(3) Начинот на водењето и образецот на катастарот од став (1) на овој член го пропишува министерот на органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.

## ДЕЛ IV
## ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ
## ГЛАВА 1
## КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

Член 30

**Концесија за експлоатација на минерални суровини**

(1) Право за експлоатација на минерални суровини се стекнува со добивање на концесија за експлоатација на минерални суровини.

(2) Право за добивање на концесија има секое правно или физичко лице што поседува финансиска способност за вршење на концесиската дејност и кое е запишано во трговскиот регистар, вклучувајќи ги и странските правни лица со подружница запишана во трговскиот регистар на Република Македонија.

(3) Одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерални суровини донесува Министерството за економија на Република Македонија, односно органот на државната управа во единиците на локалната самоуправа кој е надлежен за работите од областа на минералните суровини за минералните суровини наведени во точка 6 од Член 4 на овој Закон.

Член 30

**Предмет на отстапување на концесија**

Со концесијата, концедентот на концесионерот му отстапува:

1. простор за експлоатација на минералните суровини;
2. право за експлоатација на минерални суровини;
3. право на сопственост на откопаните минерални суровина

Член 31

**Просотр за експлоатација на минерални суровини**

(1) Концесија за експлоатација на минерални суровини се доделува на определен простор дефиниран со топографската карта, а врз основа на елаборатот за извршените геолошки истражувања на минерални суровини.

(2) Експлоатација на минерални суровини се врши на определен простор (во натамошниот текст: експлоатационо поле), дефиниран со главниот и дополнителниот рударски проект.

(3) Доколку низ концесискиот простор поминуваат инфраструктурни објекти (пат, далновод и друго), концесионерот не смее да ги уништува и загрозува истите, и е должен да го овозможи нивното користење од страна на други лица.

(4) Доколку се работи за изведување на инфраструктурни објекти од јавен интерес ( пет, далновод, железнички пруги, водостопански објекти и други објекти од јавен интерес) во концесискиот простор, тие можат да се градат доколку изведувачот обезбеди услови за непречена и безбедна експлоатација на минералните суровини.

(5) Заради безбедност на граѓаните, правното или физичкото лице кое има добиено концесија за експлоатација е должно да ги одбележи границите на експлоатационото поле со видни ознаки.

Член 32

**Одлука за доделување на концесија**

(1) Одлуката за доделување на концесија содржи:

1.податоци за правното или физичкото лице на кое се доделува концесијата;

2. видот на минералната суровина;

3.површина на просторот на кој се доделува концесијата за експлоатација, дефиниран со координати;

4. почеток и времетраење на концесијата;

5. обврска за плаќање на надоместокот за концесијата;
6. должности на носителот на концесијата во поглед на санацијата и рекултивацијата на земјиштето што е деградирано од рудничките активнсоти;
7. други услови определени со закон.

(2) Со одлуката од став 1 на овој член се доделува земјиште во сопственост на Република Македонија на користење на концесионерот за вршење на концесиска дејност. Надоместокот за користење на земјиштето е вклучен во надоместокот што се плаќа за концесија за експлоатација во смисла на член 74 став 1 од овој закон.

(3) За земјиштето кое делумно или целосно е во приватна сопственост барателот за добивање на концесија треба да достави согласност од сопственикот на земјиштето.

(4) Одлуката за доделување на концесија се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

Член 33

**Период на важност на концесијата**

(1) Концесијата за експлоатација на минерални суровини се доделува за период до 20 години со можност за продолжување до исцрпување на минералните суровини.

(2) Барањето за продолжување на концесијата од став (1) на овој член се поднесува најмалку две години пред истекот на периодот за кој е дадена концесијата.

(3) Времетраењето за продолжување на периодот на концесијата од став (1) на овој член, може да се продолжи доколку постојат услови за натамошна одржлива експлоатација на минералните суровини.

(4) Продолжувањето на концесијата од став (3) на овој член се врши со одлука на Министерството за економија.

(5) Продолжувањето на рокот на концесијата за експлоатација е дозволена во случај на уредна и планска експлоатација.

Член 34

**Начин за доделување на концесија**

Концесијата за експлооатација на минерални суровини може да се додели врз основа на јавен конкурс или по барање на заинтересираните лица кои ги исполнуваат условите од овој и друг закон.

Член 35

**Доделување на концесија по пат јавен конкурс**

(1) Концесијата за експлоатација на минерални суровини се доделува со јавен конкурс само за суровини за кои Република Македонија има сопственост на ревидирани елаборати за резултатите од од извршените истражувања на минерални суровини.

(2) Постапката од став (1) на овој член ја спроведува Секторот за минерални суровини при Министерството за економија согласно Законот за концесии.

Член 36

**Доделување на концесија врз основа на барање на концесија**

(1) Барање за доделување на концесија за експлоатација се доставува до Секторот за минерални суровини при Министерството за економија, односно до органот на државната управа во единиците на локалната самоуправа надлежен за работите од областа на минералните суровини.

(2) Кон барањето за добивање концесија, покрај податоците на барателот на концесијата се приложува:

1.техноекономска анализа;

2.скица, копие од катастарски план со вцртани граници на бараниот простор за доделување н аконцесија за експлоатација на минерални суровини;

3. топографска карта во мерка 1:25.000 со координати на граничните точки на локацијата;

4. имотен лист, со број на катастарски парцели и култури за површината на која ќе се врши експлоатацијата на минералната суровина;

5. доказ за правото на користење на резултати од ревидираниот елаборат на извршени геолошки истражувања на минерални суровини..

(3) Доколку се работи за барање за добивање на концесија за експлоатација на подземна вода, покрај прилозите од став (2) од овој член, потребно е да се достави и согласност за користење на вода од органот на државната управа надлежен за работите од областа за управување со води.

(4) За оценка на влијанието врз животната средина, по барањето од став (1) на овој член Секторот за минерални суровини при Министерството за економија ќе побара мислење оранот на државната управа надлежен за работите од областа на заштитата на животната средина.

Член 37

**Постапка за доделување на концесија за експлоатација**

(1) Секторот за минерални суровини при Министерството за економија, односно органот на државната управа во единицата на локалната самоуправа кој е надлежен за работите од областа на минералните суровини го разгледува барањето од член 38 на овој закон, врши увид на локацијата на бараниот простор за концесија за експлоатација на минерални суровини и бара мислења односно согласности од други надлежни органи на државната управа од соодветната област.

(1) Одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерални суровини донесува Министерството за економија на предлог на Секторот за минерални суровини, односно градоначалникот на предлог на органот на државната управа на локалната самоуправа надлежен за работите од областа на минералните суровини за минералните суровини наведени во точка 6 од член 4 на овој Закон.

Член 38

**Одбивање на барањето на концесија за експлоатација**

(1) Барањето за издавање на концесија за експлоатација на минерални суровини со решение на Секторот за минерални суровини при Министерството за економија, односно на органот на државната управа во единицата на локалната самоуправа надлежен за работите од областа на минералните суровини ќе го одбие во случај кога:

1. подносителот на барањето не ја приложил документацијата од член 36 став (2) и (3);

2. јавниот интерес ја исклучува експлоатацијата на концесискиот простор;

(2) Во случаите од став 1 точка 2 на овој член, сопственикот на резултатите од член 26 од овој закон има право на надомест на штета согласно закон.

(3) Против решението од став (1) на овој член во рок од 15 дена од денот на приемот на решението може да се изјави желба до Владата на Република Македонија-Комисија за решавање во управна постапка во втор степен од областа на економијата и финансиите.

Член 39

**Ограничување за доделување на концесија за експлоатација**

(1) Концесијата за експлоатација за подрачје кое со закон или друг акт е прогласено за природно или културно наследство, заштитено природно добро или друго заштитено подрачје може да се додели само во согласност со закон.

Член 40

**Одземање на концесијата за експлоатација**

(1) Концесијата за експлоатација се одзема во случаи на:

1. предвремен откуп на концесијата за експлоатација во јавен интерес;

2. пренесување на концесијата за експлоатација на друг концесионер без согласност на Министерството за економија (концедентот);

3. отпочне со експлоатација со минерална суровина пред да добие дозвола за експлоатација;

4. не го плати надоместокот за концесија за експлоатација на начин утврден со одлуката за доделување на концесијата;

5. во случај кога концесионерот не го платил реалниот надоместок за концесија, односно се утврди разлика помеѓу материјално-сметководствена евиденција, реално експлоатираните количини на минерална суровина (ин ситу) и вредноста прикажана во фактурата;

6. не врши рекултивација на просторот соглсно динамиката предвидена со главниот или дополнителниот рударски проект и програмата за истражување на минерални суровини;

7. уништува и не дозволува користење на инфраструктурни објекти кои поминуваат низ концесискиот простор.

(2) Концесијата за експлоатација престанува и кога Секторот за минерални суровини, односно органот на државната управа во единицата на локалната самоуправа надлежен за работите од областа на минералните суровини ќе ја одземе дозволата за експлоатација на минерални суровини согласно член 52 на овој закон.

(3) Во случаи на став (1) и (2) од овој член, Министерството за економија, односно градоначалникот донесува Одлука за одземање на концесијата за вршење експлоатација на минерални суровини.

(4) Во случај на постоење на фактички околности, согласно овој закон или друг закон кои постоеле и кои морале да доведат до одбивање на барањето за доделување на концесијата за експлоатација.

Член 41

**Пренос на концесија за експлоатација**

(1) Врз основа на спогодба за пренесување, концесијата за експлоатација може да се пренесува целосно или делумно.

(2) Пренос на концесијата за експлоатација на минерални суровини се врши со одлука за согласност на Министерството за економија, односно градоначалникот под истите услови под кои е доделена концесијата што се пренесува.

(3) Во одлуката може да се предвиди и пренос на правата од концесијата во корист на заемодавачите, како средство за обезбедување на нивното побарување кон концесионерот.

(4) Концесијата за експлоатација не смее да се даде под закуп.

(5) Со преносот на концесијата, концесионерот ги стекнува правата и обврските, кои произлегуваат од издадените дозволи и одобренија од надлежните органи.

Член 42

**Престанок на концесијата за експлоатација**

Концесијата за експлоатација престанува во случаи на:

1. истек на рокот на важење на концесијата за експлоатација на минерални суровини, утврден во одлуката за доделување на концесија;

2. предвремено исцрпување на минералните суровини;

3. стечај или ликвидација на концесионерот;

4. правосилна судска одлука со која се забранува вршењето на дејноста експлоатација на минерални суровини.

Член 43

**Концесија за експлоатација на минерални суровини на ист простор**

Концесија за експлоатација на минерални суровини може да се додели и за простор за кој веќе е доделена концесија за експлоатација, кога експлоатацијата се однесува на друга минерална

суровина која постоечкиот концесионер не ја експлоатира, под услов кога со експлоатацијата на другата минерална суровина нема да се попречува нормалната експлоатација на минерални суровини на претходно доделената концесија за експлоатација.

Член 44

**Класифицирање и категоризирање на резерви на минерални суровини**

(1) Носителот на концесија за експлоатација на минерални суровини е должен да ги класифицира и категоризира резервите на минерални суровини, да води евиденција и да ги чува податоците за рудните резерви и рудните тела.

(2) Концесионерот е должен еднаш на 5 години да доставува ревидиран елаборат за рудни резерви до Секторот за минерални суровини при Министерството за економија за состојбата на класифицираните и категоризираните рудни резерви.

(3) Начинот на водење на евиденцијата, чувањето на податоци, класифицирањето и категоризирањето на рудни резерви и рудни тела, содржината на елаборатот за рудни резерви и рудни тела (лежишта) на минерални суровини, постапката за ревидирање на елаборатот за класификација и категоризација на рудните резерви и начинот на известување за билансите на резерви, ги пропишува министерот на органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.

(4) Ревидираниот Елаборат од став (2) на овој член претставува деловна тајна за периодот на траење на концесијата за експлоатација.

## ГЛАВА 2

## ДОЗВОЛА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

Член 45

**Дозвола за експлоатација на минерални суровини**

Со експлоатација на минерални суровини може да се отпочне откако концесионерот ќе добие дозвола за експлоатација која ја издава Секторот за минерални суровини при Министерството за економија, односно органот на државната управа во единицата на локалната самоуправа надлежен за работите од областа на минералните суровини.

Член 46

**Барање на дозвола за експлоатација на минерални суровини**

(1) Дозвола за експлоатација се издава врз основа на поднесеното барање до Секторот за минерални суровини при Министерството за економија, односно органот на државната управа во единицата на локалната самоуправа надлежен за работите од областа на минералните судовини од страна на концесионерот.

(2) Барањето на дозвола за експлоатација, концесионерот ја доставува во рок до 2 години од денот на доделувањето на концесијата за експлоатација на минералните суровини.

(3) Во прилог на барањето од став (1) на овој член, концесионерот доставува:

1. главен рударски проект за експлоатација на минералната суровина со извештај за извршената ревизија и ревидентска клаузула;

2. елаборат за оценка на влијанието на рударскиот објект врз животната средина

(4) Доколку во рок од 90 дена од денот на поднесувањето на барањето од став (1) на овој член Секторот за минералните суровини при Министерството за економија, односно органот на државната управа во единицата на локалната самоуправа надлежен за работите од областа на минералните суровини не се произнесе по истото ќе се смета дека концесионерот може да отпочне со експлоатација на минералните суровини.

Член 47

**Содржина на дозвола за експлоатација на минералните суровини**

(1) Дозволата за екслоатација на минералните суровини содржи податоци:

1. за фирмата и седиштето на правното или физичкото лице на кого се издава дозволата;

2. за минералните суровини што се предмет на експлоатација;

3. за големината, границите и положбата на експлоатационото поло;

4. за рокот за отпочнување на експлоатацијата;

5. за времетраењето и динамиката на експлоатација согласно главниот рударски проект;

6. обврски на концесионерот за доставување до Секторот за минерални суровини при Министерството за економија, односно органот на државната управа во единицата на локалната самоуправа надлежен за работите од областа на минералните суровини годишни извештаи за извршената експлоатација на минерални суровини.

7. и за други обврски определени со закон.

(2) Издадената дозвола за експлоатација на минералните суровини се доставува до Државниот инспекторат за техничка инспекција и градоначалникот на општината и градоначалникот на Град Скопје.

Член 48

**Одбивање на барањето на дозвола за експлоатација на минералните суровини**

(1) Барањето за издавање дозвола за експлоатација на минералните суровини се одбива само ако:

1.барањето не е поднесено во рок од две години од денот на доделувањето на концесијата за експлоатација;

2.не ја доставил документацијата од член 46 став (3) од овој Закон;

(2) Против решението од став (1) на овој член во рок од 15 дена од денот на приемот на решението може да се изјави жалба до Комисијата за решавање во управна постапка во втор степен од областа на економијата и финансиите на Владата.

Член 49

**Постапка при откривање други минерални суровини во експлоатационото поле**

(1) Ако концесионерот во текот на експлоатација на минералните суровини открие минерална суровина која не е предмет на дозволата за експлоатација, може да ја експлоатира истата само заради планско извршување на експлоатацијата, од безбедносно - технички причини, при што е должен ново откриената минерална суровина веднаш да ја пријави на Секторот за минерални суровини при Министерството за економија, односно органот на државната управа во единицата на локалната самоуправа надлежен за работите од областа на минералните суровини.

(2) Во случај кога концесионерот пројави интерес за експлоатација на новооткриената минерална суровина од став (1) на овој член, должно е да поднесе барање за добивање на дозвола за истражувања на минерални суровини за новооткриената минерална суровина.

(3) Доколку концесионерот од став (1) на овој член во рок од шест месеци од откривањето на друга минерална суровина не достави барање за добивање дозвола за истражување на минерални суровини, ова право може да го користи друго заинтересирано правно или физичко лилце под услови и на начин определени со овој закон, притоа не попречувајќи ја експлоатацијата на минералната суровина на претходно доделената концесија за експлоатација, и не доведувајќи ја во прашање стабилноста на објектите и безбедноста при изведување на рударските работи.

Член 50

**Катастар на простори за експлоатација на минерални суровини**

(1) Секторот за минерални суровини при Министерството за економија, односно органот на државната управа во единицата на локалната самоуправна надлежен за работите од областа на минералните суровини води катастар на концесиските простори за кои издало дозвола за експлоатација.

(2) Начинот на водењето и образецот на катастарот го пропишува министерот на органот на државната управа наделжен за работите од областа на минералните суровини.

(3) Во катастарот за концесиски простори право на увид имаат сите заинтересирани правни и физички лица.

Член 51

**Одземање на дозвола за ескплоатација на минерални суровини**

(1) Секторот за минерални суровини при Министерството за економија, односно органот на државната управа во локалната самоуправа надлежен за работите од областа на минералните суровини може да ја одземе дозволата од член 45 од овој закон, ако носителот на концесија за експлоатација на минерални суровини:

1.не започне со изведување на рударски работи во рок од една години од денот на издавањето на дозволата за експлоатација на минерални суровини;

2.не се придржува на одредбите од член 62 став (1) на овој закон;

3.не врши експлоатација во согласност со одобрените рударски проекти;

4.ја прекине експлоатацијата во период подолг од три години;

(2) Во случај од точка 4 на став (1) на овој член, концесионерот е должен да изготви дополнителен рударски проект за запирање на работите на вршење експлоатација на минерални руровини.

(3) Против решението за одземање на дозволата за експлоатација во рок од 15 дена од приемот на решението може да се изјави жалба до Комисијата за решавање во управна постапка во втор степен од областа на економијата и финансиите на Владата.

Член 52

**Престанок на дозволата за експлоатација на минерални суровини**

Дозволата за експлоатација на минерални суровини престанува да важи:

1.по барање на концесионерот;

2.со престанување на концесијата за експлоатација;

3.кога во концесискиот простор на експлоатационото поле е исцрпена минералната суровина;

4.со судска забрана за вршење на дејност експлоатација на минерални суровини.

**(Дискусијата е пречукана и сравнета)**

Господине Глигоријевски повелете, имате збор.

**Тома Глигоријевски:** Благодарам господине претседателе.

Не сакам ништо да повторувам од тоа што го кажаа колегите, затоа само ќе го кажам своето мсиење по однос на членот 74, што е предложен во законот, а тоа е утврдување на висината и начинот на плаќање на надоемстоците.

Во текстот на Предлогот на законот е дадено, во ставот 2, дека средствата се делат пола пола, на Буџетот на општините, со две алтернативи. Веднаш да кажам дека мојот став е третата алтернатива што овде не ја пишува, а тоа е дека 60% од средствата треба да бидат доделени на општините, додека 40% на Буџетот. Сакам да кажам дека во втората фаза, во распределбата на средствата, најмалку што треба да се

предвиди е ова пола пола што е дадено. Алтернативите 1 и 2 тогаш не држат, па затоа поголем дел од средствата да се наменат на општините.

Зошто? Буџетот на Република Македонија е голем и овие средства ќе значат многу малку во Буџетот на Република Македонија. А, за поедини општини ќе значат многу. Особено за општини што едвај опстанаа во новата територијална поделба. До колку порано беше донесен ваков закон и до колку повеќе средства од вакви намени беа наменети за општините, можеби ќе опстанеше, на пример, општината Конопиште и некои други општини. Затоа што, да, баш така, затоа што да кажеме целокупната руда за ФЕНИ оди од Кожув и таму сите благодети за општината Кавадарци, од работењето, од даноците на плати, добивки, придонеси и друго, дел од тоа оди на општината, меѓутоа од тоа самио ткрај Кожув, Конопиште за развој, а сите сакаме да се развиеме, нема ништо.

Затоа, во членот 74, освен моето залагање дека поголем процент треба да оди за општините е и дека треба да се предвиди став 3, во кој што самата општина ќе се задолжи задолжително дел од средствата намени за самиот крај, за самата катастарска општина каде се врши експлоатација на минералната суровина.

Значи, конкретно, концесијата на одредени коти, каде се врши експлоатацијата, тоа е во некое село, во некоја планина каде најголем дел од товарот и оптоварувањето и на локалните патишта и на средините и на луѓето и на се, најмногу последици од самата експлоатација чувствува соодветното село, соодветната катастарска општина. Затоа дел од средствата треба конкретно да бидат наменети за таа намена.

Како пример ќе го кажам селото Шуплив Камен во Куманово, каде со децении се врши експлоатација на огромни количини песок од реката Пчиња. Најмалку корист, т.е. ништо нема самото село. Упропастени патишта, камиони фрчат на сите страни, прашини, луѓето не можат да чуваат ни добиток ни ништо. А, самото село, од тоа, со години нема ама баш никаква корист, дури има штета. И концесионерот кој врши експлоатација, и општината на конкретното село немаат обврска, точно дека секогаш нема пари, но немаат обврска да направат ништо.

Од тој аспект мислам дека во членот 74, прво треба да се зголеми процентото што ќе оди во буџетот на општината, да се предвиди став, да се задржи општината стриктно дел од средствата да потроши за катастарската општина каде се врши експлоатацијата. Благодара,

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејки нема пријавено за збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во Собранието за да го изгласаме заклучокот, но повеќе точки се во заклучокот.

Ги замолувам пратениците да влезат во салата.

Ги замолувам пратениците да влезат во салата, бидејки следните точки се автентично толкување на одредени членови на одредени закони. Претпоставувам дека тоа брзо ќе оди, па после паузата да можеме да продолжиме со 116-та седница. Имаме уште 25 минути од претпладневното работно време.

(Во салата влегуваат пратеници)

Во салата се присутни 53 пратеници.

(Во салата влегуваат пратеници)

Молам, службите нека го утврдат сега бројот.

(Службите го утврдуваат бројот)

Благодарам.

Господо, очигледно дека половина час после 11,00 не ни се работи, половина час пред пауза не ни се работи.

Објавувам пауза до 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи во 15,03 часот).

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа, три минути доцниме.

Службите нека го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Уште пет пратеници недостасуваат за да имаме кворум.

(Пратениците во салата чекаат да се создаде кворум).

Ги молам пратениците да влезат во салата за да продолжиме со работа.

(Присутните во салата и понатаму чекаат да се создаде кворум).

Благодарам, сега имаме 61 пратеник во салата.

Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Почитувани пратеници, ќе го прочитам заклучокот за кој треба да гласаме.

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за минералните суровини.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон за минералните суровини, при што ќе ги има предвид мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за економија.

Предложениот заклучок го ставам на галасање.

Ве повикувам да гласаме.

62 пратеника гласале, 62 пратеника гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на 21 точка-Барање за давање автентично толкување на членот 75 од Законот за јавните набавки од пратеникот Силвана Бонева.**

Барањето и Извештајот на Законодавно-правната комисија ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот.

Сега повторно, бидејќи два пратеника излегоа од салата, во салата се присутни 60 пратеници.

Ги молам пратениците да влезат во салата, пред да го прочитам заклучокот.

(Присутните пратеници чекаат повторно да се создаде кворум).

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Сега во салата се присутни 61 пратеник.

Го читам заклучокот:

1. Собранието на Република Македонија констатира дека Барањето за давање автентично толкување на членот 75 од Законот за јавните набавки, поднесено од пратеникот Силвана Бонева, не е оправдано и нема потреба од давање автентично толкување на овој член од причините содржани во Извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија.

2. Овој заклучок, заедно со Извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да се достави до пратеникот Силвана Бонева.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 пратеник, гласале 55 пратеници, 53 за, нема воздржани, 2 против.

Со тоа констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на 22 точка-Барање за давање автентично толкување на членот 77 став 1 алинеја 1 од Законот за јавните набавки, поднесено од пратеникот Силвана Бонева.**

Барањето и Извештајот на Закондавно-правната комисија ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

1. Собранието на Република Македонија констатира дека Барањето за давање автентично толкување на членот 77 став 1 алинеја 1 од Законот за јавните набавки, поднесено од пратеникот Силвана Бонева, не е оправдано и нема потреба од давање автентично толкување на овој член од причините содржани во Извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија.

2. Овој заклучок, заедно со Извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија, да се достави до пратеникот Силвана Бонева.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен пратеник во салата, сега има 62 пратеника, гласале 54 пратеници. 54 пратеници гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на 23 точка-Барање за давање автентично толкување на членот 19 став 1 и на членот 20 од Законот за платите и другите надоместоци на пратениците на Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката, поднесено од Народниот правобранител.**

Толку сум несреќен со овој наслов на законот, право да ви кажам.

Барањето и Извештајот на Законодавно-правната комисија ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија констатира дека Барањето за давање автентично толкување на членот 19 став 1 и членот 20 од законот за платите и другите надоместоци на пратениците на Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката, поднесено од Народниот правобранител, не е оправдано и нема потреба од давање автентично толкување на овие членови од причините содржани во Извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија.

2. Овој заклучок, заедно зо Извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да се достави до Народниот правобранител.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 пратеника, 53 пратеници гласале, 53 пратеници гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на 24 точка-Барање за давање автентично толкување на одредбите на членовите од 203 до 235 и на членот 269 од Законот за работните односи, поднесено од пратеникот Ристе Бислимовски.**

Барањето и Извештајот на Законодавно-правната комисија ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија констатира дека Барањето за давање автентично толкување на одредбите на членовите оде 203 до 235 и на членот 269 од Законот за работните односи, поднесено од пратеникот Ристе Бислимовски, не е оправдано и нема потреба од давање автентично толкување на овие членови од причините содржани во Извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија.

2. Овој заклучок, заедно со Извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да се достави до пратеникот Ристе Бислимовски.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 пратеника, 54 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точка 26 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства, со Предлог на закон.**

Предлагач на оваа точка се пратениците Ристана Лалчевска и Љупчо Мешков.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на закон, дописот на Законодавно-правната комисија и мислењето на Владата ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Госпоѓо Лалчевска претпоставувам дека ќе се јавите за збор како предлагач.

Повелете, имате збор.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе.

Би сакала накратко да образложам зошто побаравме измени на овој закон, кои се причините и кои се нашите оценки поради кои пристапивме кон Предлог за изменување и дополнување на Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства.

Имено, со одредбата чие што изменување бараме, во пракса се создаде една нееднаква положба, особено кај родителите на загинатиот припадник, од кои во пракса едни добија, меѓу другите права беше и правото на пензија, што значи сега едни добија пензија, а други беа одбиени во постапка за остварување право на семејна пензија, иако и едните и другите бараат семејна пензија по ист правен основ односно по основ загинување на нивни син.

Според податоците со кои располагавме како предлагачи, со право на семејна пензија според овој закон се здобиле околу 20 лица, членови на семејство на загинат бранител, а одбиени од ова право се само некаде според нашите сознанија 5-6 подносители на барање, па според тоа цениме дека прво Фондот може да го издржи ова. Меѓутоа, дали податокот од 5-6 лица е кратен, навистина не би можела да потврдам, но крајно е тоа дека максимумот би бил помалку од десет.

Од ова произлегува дека донесувањето на овој закон во Собранието ќе значи само едно, а тоа е јакнење на начелото на правичност, со оглед на тоа што по овој основ останале без остварување на ова право само неколку родители. А, во Буџетот нема значително да се предизвика зголемување на буџетско потрошување.

Сега, за разлика од постојното решение, со кое брачниот другар, децата и родители на загинат или починат припадник на безбедносните сили и со нив изедначените припадници на безбедносните сили од Министерството за одбрана или ги загубиле животите во војната во поранешната СФРЈ, можаат да се здобијат со право на семејна пензија, доколку загинатиот или починатиот припадник на безбедносните сили ги издржувал до својата смрт. Тука, би сакал да потсетам дека за категоријата на загинати во војните во поранешна Југославија, се работи за лица кои биле претежно доминантно, значи преку 90% на возраст 18, 19 и 20 години, што оттаму произлегува дека тие навистина во многу мал број случаи можеле да ги издржуваат своите родители, бидејќи се работи за навистина релативно млада категорија, кои за жал, ги изгубија своите животи во овие конфликтни ситуации.

Сега ние имајќи го предвид овој факт, со предложеното решение бараме да се овозможи остварување право на семејна пензија по овој закон без оглед на околноста дали родителот бил издржувано лице. Тоа е во најголема спрега со она што го спомнав претходно дека во најголемиот број случаи се работи за лица кои имале 18 и 19 години и кои тогаш во тоа време биле на отслужување во тогашната Армија на СФРЈ.

Тоа е една од причините поради кои што ваквото сегашно решение во постојниот закон претставува пречка за една навистина многу мала група на родители кои не можат да го остварат ова право, а пред се, тргнувајќи од правото на правичност, мислам дека Собранието навистина треба да ги изгласа овие Предлог на измени на законот, за да може на некој начин, не поради материјалните средства што ќе ги добијат, туку пред се, поради правичноста која ќе ја почувствуваат како единствен надомест за загубените животи на нивните деца.

Подносителот на барање кој не може да оствари право на семејна пензија, заради тоа што не ги

исполнувал условите пропишани со Законот за пензиско и инвалидско осигурување, право на семејна пензија ќе оствари според овој закон, доколку не е во работен однос или не остварува плата по друг основ односно не е корисник на старосна, инвалидска или семејна пензија. Тоа би биле измените кои би овозмоожиле и овие уште неколку, според нашата евиденција 5 до 6 родители би го оствариле ваквото право и конечно после долги години талкање, би почувствувале правичност во решенијата. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема никој пријавен за збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата, бидејќи треба да се изјасниме по предложениот заклучок.

Молам, службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници.

Ни фалат уште 6 пратеници и молам колегите нека влезат во салата. Благодарам.

Сега сме точно 61 пратеник, што значи дека можеме да го прочитаме заклучокот и да се изјасниме по него.

Заклучокот гласи: Собранието го усвојува предлогот за донесување закон за изменување на Законот за посебни права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства.

Ве повикувам да гласаме. Повелете.

Гласале 41 пратеник, а тоа е 20 од 61 и затоа ги молам службите да го утврдат уште еднаш бројот на присутните пратеници.

Значи 62 пратеници се присутни, со тоа ова гласање е валидно. Јас сега тука не можам ништо да направам, ако некои од пратениците не сакаа да притиснат на копчињата.

Значи, гласале 41 пратеник, 11 за, 6 воздржани и 24 пратеници гласале против.

Констатирам дека заклучокот не е усвоен.

**Минуваме на точка 27 - Предлог на декларација за враќање на надлежноста на Република Македонија за случаите против кои Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија има поведено постапка.**

Предлогот на декларацијата и Дописот на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците, ви се доставени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на декларацијата.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на декларацијата.

Предлогот на декларацијата го ставам на гласање.

Јас мислам дека овде имам 61 сведок кој што гледа горе дали е пријавено или не е пријавено.

Ве повикувам да гласаме.

**Илија Китановски:** Бидејќи, јас сум овластен претставник на предлагачите, немам ли право да ја прочитам декларацијата?

**Љупчо Јордановски:** Вообичаено е првиот овластен, а вие сте десетти, не знам каде сте вие Китановски и сега ќе прочитам, дури и не можам да ве најдам.

Предлагачи се: Никола Груевски, Силлвана Бонева, Илија Србиновски, Марјан Ѓорчев, Аднан Ќахил, Ефтим Манев, Љупчо Мешков, Ванчо Стаменков, Ристана Лалчевска, Александар Флоровски, Михајло Георгиевски, Илија Китановски, значи сте некаде таму десетти по ред.

**Илија Китановски:** Претседателе дали е тоа битно ако сум прв или 11-ти.

**Љупчо Јордановски:** Во салата се присутни 63 пратеници.

Од 63 пратеници, 48 гласале, 3 за, нема воздржани, 45 против.

**Илија Китановски:** На предлагачот не му давате збор да ја образложи декларацијата.

**Љупчо Јордановски:** Господине Китановски имавте време да се пријавите, а принципот е принцип. Тоа е од принципиелноста, затоа што не сте прв, а вие ако сметате дека треба јас да ве молам за да се пријавите, тоа е друга работа. Јас реков, отворам претрес, молам, кој бара збор и цел наслов го прочитав, кој што е долг три реда.

Со тоа, констатирам дека Собранието не ја донесе декларацијата.

Почитувани пратеници, тука ја завршуваме работата за денес, бидејќи имаме ангажмани и пратениците и јас, утре продолжуваме со 116-тата седница во 11,00 часот.

Благодарам.

(Седницата прекина со работа во 15,30 часот.)